СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Десеттото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 септември 1993 година

Скопје, септември 1993 година

**ДИСКУТАТНТИ ОД X-то ПРОДОЛЖЕНИЕ НА 66-та СЕДНИЦА**

**ОДРЖАНА НА 15.IX.1993 година**

1. АРСОВСКИ БРАНКО - 10
2. АРСОВ ДРАГИ - 17
3. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 52
4. ГОЛУБОВСКИ ВЛАДИМИР - 35
5. ГЕОРГИЕВ ПЕТАР - 49
6. КОТЕВСКИ ЃОРЃИ - 11
7. ЛАЗАРЕВСКА БИЛЈАНА - 63
8. МУРТЕЗАНИ АВДИ - 55
9. МИЦЕВСКИ ТРАЈАН - 2, 3, 4, 23
10. МАНЕВ ЕФТИМ - 60
11. НИКОЛОВСКИ ДУШАН - 53
12. НИКОЛОВ ЈОВАН - 60
13. ПОПОВСКИ НИКОЛА - 29
14. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 31
15. ПЕТРОВ ТОДОР - 56, 59
16. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 1, 23
17. СТАМЕНОВ РИСТО - 28
18. ТОШЕВ БЛАГОЈ - 11, 37
19. ХАРУНИ СЕЈФЕДИН - 15

седницата продолжува

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од десеттото продолжение на Шеесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија одржана на 15 септември 1993 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија сала 1, со почеток во 12,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Џеладин .урати, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Да продолжиме со работа.

Пратениците Тито Петковски, Панче Насев, Иван Иванов, Никола Апостоловски и Симеон Наумовски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Продолжуваме со работа по точката што вчера ја разгледувавме Информација за состојбите во РЕК Битола.

Господинот Стоиле Стојков бара процедурално прашање.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Имам деловничка забелешка затоа што немаме претставник од Владата. Во 12 часот и една минута имаше 63 пратеника, чекавме, сега сме негде 75,6, сеуште немам претставник од Владата. Мислам дека би требало да се обезбеди претставник од Владата па да продолжиме со работа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Во салата беше присутен помошник на министерот за стопанство кој излезе да го повика министерот, а во салата е присутен повереникот на Владата, господинот Стрезо Буцевски и можеме слободно да продолжиме со работа.

I/2.- ДВ-ВБ

Има збор господинот Трајан Мицевски.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, мене ми се чини дека и овој пат играта продолжува. Зошто само е доволно да визави, господинот во оставка деструктивна изјава и новинарите објавија таму и тоа е сега законот, за тоа и ќе си ојде сега, не сака да ја слушне до крај расправата. Барам претседателството да си го обезбеди оној што е, до крај да ја изведе работата. Да е присутен тука. А сака да каже пред новинарите ова е деструктива и новинарите само тоа го кажуваат а другото не е важно. И покрај сето тоа што ќе го речат новинарите народот знае кој е во право. Нека не се лажат со тие нивни романтични занесувања, вака, онака. Реалноста се бара да се каже. Народот знае да оцени кое е доброто кое е лошото.

Предлагам да се обезбеди потпретседателот во оставка да си дојде, расправата да ја довршиме.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ :**

Да се разбереме. Претставник на материјалот е Петруш Стефанов, министер за стопанство и Томе Чемерски, заменик на министерот за стопанство. Јован Андонов вчера присуствуваше во својство на потпретседател на Владата и негово право е да дојде и денеска, но по материјалот не е задолжен да биде присутен, а тој учествува како претставник на Владата. Според тоа го очекуваме министерот Петруш Стефанов, а во моментот во салата е помошникот на министерот.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

А зошто господинот излезе тогаш кога не беше повикан тој да дискутира. Што не си отиде да си брка владини работи таму туку дојде тука. За да каже само деструктивно и да си оди?

I/3.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Општопознато е дека....

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Барам да му одговорам на неговите прашања. Ние не го повикавме вчера тука да каже дали ја очистил калта и дали створи место. Кога ќе делиме јубилеи, награди, тогаш ќе кажеме што сторил Овде расправаме за настанатата ситуација во РЕК, а не расправаме дали е очистена калта и кој ја очистил калта и голем успех било тоа.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам немојте од место да дофрлувате. Господине Мицевски продолжете со дискусијата. Ве молам ако некој бара збор повелете на говорница, немојте од место да довикувате. Ако ова беше процедурално прашање, во ред.

Молам за тишина.

Господине Мицевски ако сте за дискусија продолжете.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Уште едно сакам да соопштам. Зошто ги наведува тој правите луѓе да ги вадат врелите костени. Тој излегува и ги наведува поштените и правите луѓе да ја следат валканата ситуација.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господине Мицевски ако имате дискусија продолжете.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Немам ништо, министерот си е поштен, си ја работи добро работата (му се обраќа на министерот за стопанство Петруш Стефанов кој штотуку влезе во салата).

I/4.-

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Ве молам, продолжете со дискусија, или напуштете ај говорницата. Инаку министерот е тука.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

И покрај сето ова сметам да не се комплицира повеќе работата, да продолжиме, па ваљда некој ќе му пренесе или можеби ќе слуша таму на телевизија, можеби тука не може да слушне.

Господа пратеници ние вчера имавме и денеска расправа по настанатата ситуација во РЕК Битола и стриктно требаше да разговараме и ние во дискусијата и господинот Јован Андонов требаше да расправаме за настанатата ситуација а не како ошол тој таму како стечаен директор и што направил таму. Кажа дека ја исчистил калта, дека се средила работата, а не кажува за господинот Грашевски кој беше организатор, основоположникот на тој ред таму, што изгради, стори се, само тој отиде на готово таму и тоа отиде со решенија во џебот каде што му беше дадено овластување да не почитува ни самоуправни органи ни работнички совет ни управен орган и така тој ја водеше таа работа. Така секој може да раководи, да створи нешто таму. Друго е кога ќе бара овластување од работнички совет, управен орган, синдикат и други органи затоа велам не треба да се китиме со такви работи, со туѓи перја туку требате да зборуваме она што треба, ако кога ќе делиме, кога ќе славиме јубилеј за постигнатите резултати во РЕК Битола, како заслужен стечаен директор ќе му се дадеше признанието и тогаш тоа ќе заслужуваше за расправа, а не сега на оваа расправа.

Какви се резултатите со опремата? Со таа совршена опрема, со посебен изум во светот, машини, агрегати, со други инвестиции што целиот македонски народ е задолжен, дури уште плаќаме кредити, произведувале над норма и секогаш над норма биле и се произведувало.

Нормално ќе се произведува така, нема да се произведува јаболка таму. Тоа е централа, струја ќе произведува. Како секогаш велиме дека е над норма и со старата управа и со новата управа и со сите, сега излезе како само тогаш кога беше чинеше, а другите не чинеа.

Најдобро ќе беше тука да се зборуваше за злоупотребата во таа стопанска организација, како дојде до настаните, како дојде до влошувањата на односот штрајкувачки одбор, синдикат и раководство и претставници на Влада. Тоа требаше да дискутираме ние на вчерашната седница. Да се кажеше аз работниците, зошто во време на штрајк се бркаа. Дали тие работници што се суспендирани што го вложиле своето здравје таму, зошто не кажа колку се на плука заболени, колку од нив можеби нема да дочекаат пензија, дали за нив сега не иде есен и зима, спремање на деца во училиште плаќање на струја, плаќање на вода, а ние во овој момент ги суспендираме, ги бркаме за да се исполнат некои самоволија што сакаат двајца или тројца да ги наметнат на таа стопанска организација и да раководат со неа така како што му одговара и како што сакаат тие. Замислете господа пратеници кои работници се бркаа. Основоположниците кои уште од основањето работеле таму. Па кај беа тие досега, тој господин да ги избркаше таму кога беше ако не чинеа тие работници. Зошто сега се суспендираат тие работници. Тој беше таму, тој вели дека ја створил таму. Кога виде дека тие не чинат зошто тогаш не ги избрка и да тргнеше работата. Тие што не чинеа да беа суспендирани тогаш не сега. Зошто не се осврнува на она што му поставивме неколку прашања да одговореше, каде е хуманоста на одземеното таму земјиште на тие села, да ги избркаш тие а да носиш од којзнае кои краишта да донесеш и да создадеш технолошки вишок таму.

I/6.-

Со тоа што тој беше овластен за тоа, замислете во таквото управуваше донесе 500 работници, а сега се судривме со пазарното пресметување и сега велиме технолошки вишок, а зошто тој толку паметен раководител не си рече дека со носење без конкурс, без овластување дека ќе створам еден хаос и технолошки вишок во оваа работна организација.

Сакам да повторам пак некои работи. Се спомнува само неколку три-четворица способни и ако не беа тие РЕК ќе пропаднеше според неговото излагање. Се прашувам јас дали тие два-тројца способни се или 2.000 или 3.00 0 души способни кои непокорно си ја вршеа својата работа таму и ако заради остварување на своите права и во времето на постоеше на тој штрајкачки период, да се истеруваат и суспендираат. Зошто постојано се зборуваше и со сите раководства се постигнуваа над европски просеци. Зошто сега одеднаш велиме дека тие не чинеле. Како може тоа да не чинеле. Со кои луѓе тие го постигнаа тој над европски просек. Оттука се гледа што се сака да се постигне овде. Зошто набрзо се донесе законот по итна постапка за да може Владата да именува и зошто ги измена иако тој закон требаше да стапи на сила, добро, меѓутоа, тоа требаше Владата да го применува тогаш кога ќе осетеше дека овие луѓе не можат да работат и кога ќе му дојдеше времето за сменување тогаш да се сменат, тогаш да именуваше. Зошто кога почнаа да работат три.-четири месеци ја водеа убаво работата, а во тие три-четири месеци еден по еден врати го, другиот врати го, третиот врати го и го врати целото старо раководство. Замислете јас да го прашам и господинот Јован Андонов каде што работел тој, ако некој раководители биле сменети заради не се знае зошто, а некој таму го вратил пак старешина да му бидел нему. Дали ќе му одела работата, или сакал тој такво нешто да му се врати таму, како тоа што тој им го наметна сега на двеипол,три илјади работници со враќање на истите.

Не значи тие дека првин не чинеа меѓутоа во спогодба со Владата со електростопанство во спогодба со сите, дојде до смена на тие, си поднесоа оставки самите. Зошто сега тие истите се вратени Што мана му најде господинот на ова раководство што раководеше. Што пропадна РЕК, што беше неуспехот таму па да се смени тоа раководство. За да се смени требаше да се направи анализа и да се кажеше заради тие и тие непостигнати резултати мораме да ги смениме овие а да донесеме други раководители. Истото тоа раководство зошто не кажа и стои во материјалот, да го видите господа пратеници дека тие го организираа штрајкот што се вратените, стои внатре добро, дека тие организираа дека оваа Влада треба да се смени, да одиме со автобуси пред Влада да протестираме и сега одеднаш дојдоа тие способните.• Пак истата работа. Голема игра, голема афера.

Овде вчера се спомна, се слуша рекла - казала. Дали рекла- казала од двајца -тројца или од 3.000 души е рекла - казала. Јас незнам сега кое е поточното. Дали од 3.000 души дали од дваја - тројца е рекла -казала.

Од господинот се бараше да го запознае ова Собрание зошто дојде до хаварија на мостот. Кои се причините. Не е доволно само она што го кажа на ТВ. Требаше да се направи анализата, информација од стручни органи и да се каже зошто дојде и ние тогаш немаше да велиме дека е тоа така и ќе им веруваме на стручните наоди и стручната Комисија и ќе речевме дека работниците се виновни, работниците ја извршија хаваријата и ќе бараме одговорност. Зошто не кажа, зошто Комисијата се избрка. Ами јас ќе формирам Комисија. Не смееме ние така кога народот не окривува за истото, ние самите да формираме; Комисија туку требаше таа Комисија да беше формирана како што беше формирана и да си почнеше да работи така како што ќе беше наодот стручен.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ**: (продолжение)

Зошто уредите за противпожар навреме се исклучени. Од каде знаеја дека тука ќе настане пожар. Зошто им велеа паркираните коли под Косиот мост да се тргнат од таму. Зошто е повикана следната смена да дојдат дека треба да чистат. Тие кога ќе си дојдат, тогаш ќе чистат. Едно убаво барем јас му пофалувам што е така организирано што му рекоа бегајте оттука ќе има пожар, барем немаме човечки жртви. А можеше и тоа со разнесувањето на тие парчиња по еден ипол километар на околу можеше да има и човечки жртви, барем тоа што е пофално за господинот оти рекоа дека бегајте оттука ќе има пожар. А не рекоа дека ќе има експлозија. Ако е така од пожар, зошто не се остави да дојде, за што господа пратеници на еден удес, ете да земеме сообраќајна несреќа, дури не дојде на лице место стручна Комисија со истражен судија, со стручно лице со полицијата да установи да измери од каде доаѓаат, не се мрда ни едната ни друга кола, да се направи записник, па после да се расчистува. Зошто тоа таму не се стори и да останеше на лице место да видеа како изгоре, Комисијата, другите да се уверат во тоа к немаше да се крева толкава врева за тоа. Ќе гледаа сите и ќе знаевме дека ова еве го изгоре, еве ги парчињата изгорени, еве ја гумата очадена и Комисијата врз основа на тоа ќе најдеше дека е ова запалено од работниците. А не по ситно веднаш да се очисти, да се избрка Комисијата, а пак ние ќе формираме и после ќе докажуваме како стана само на телевизијата.

Еве и други недостатоци. Овие се сите барања што требаше да ги каже како може раководството да го смени синдикатот. Затоа што синдикатот се избира, не се сменува. Синдикат се знае кога се бира, на колку време и го бираат сите вработени во организацијата и кога ќе му дојде периодот на сменување, за реизбор се свикува собир, се бира ново, се дава отчет на старото раководство и се формира ново. Зошто

од овде се сменува тоа раководство на Синдикатот, зошто е причината. Нека се кажеше зошто се сменува тоа раководство на синдикатот. Зошто сега се трча по работниците таму, потпиши ти овде да гласате и како ги викаа, ги ловат им одат таму на работниците пот- пиши ќе бираме ново раководство на Синдикатот. Значи,не работниците туку управата ќе бира. Значи, ја надминавме демократијата, повеќе појдовме од демократија.

Сите овие аномалии зборуваат како да се сокријат мафијашките работи и ако беше жив Алкапоне ќе требаше да му биде ученик на оваа работа. Зошто, да скокнам некои работи да не ги кажувам сите, не го поканија конструкторот, Русинот да го види кон го конструираше толку време, цел месец и да му кажеше дека овој мост се сруши од прашината на лентата и .тој ќе му поверуваше во неговата стручна способност дека повеќе знае од него, иако тој конструктор сигурно предвидел таква температура и таква издржливост и да се запали лентата, а мостот нема да пропадне, во тоа сум сигурен. Иако не сум стручњак. Зошто не се викнеше тој и тогаш ќе речеа сите еве нека кажеше тој кон конструира дали од ова можеше да дојде до ваква пропаст.

Господа пратеници? сега едно до вас обраќање, а и од целиот македонски работен народ, една поука за сите вработени . Секогаш по-сиромашите со пониските примања организираат штрајкови, а канцелариските инженери и другите се кријат таму и кога организираат штрајк, ако во тоа успеат и тие први земаат покажување. Тогаш е убаво, а во овој случај сега вака тоа не чини. Затоа, предлагам недај боже да треба со штрајкови да се решаваат прашањата, али тоа ќе го имаме во иднина, кога ќе се организира штрајк работниот народ на Македонија во тој објект, во таа фабрика или во таа установа каде ќе се организира треба да ги вклучи сите, а не оние да седат од страна и да ги кодошат.

Ако успеат тогаш тие први земаат со поголемите плати ќе земат повеќе зголемување, а овие само го извлекуваат најдебелиот крај. Ова треба да ни биде поука и во случај оној кон не учествува во штрајкот после последниот резултат нема да му следува зголемување, оти тој не сакал доста му било тоа што го имал.

Уште едно прашање имам, незнам кој го дискутираше овдека највисоки плати имале во РЕК Битола. Сакам да поставам едно прашање да се каже колку ја плаќаат во Југохром увезената струка од РЕК Битола, Колку ствара акумулација со таа струја од РЕК Битола, колку остварува профит од тоа, колкави им се личните примаша, за РЕК не кажа, а и за него не кажа. А јас можам да тврдам дека во многу од овие сите набројаа се поголеми личните доходи од оние што работаат во пепелта и какви им се плуќите заболени и имаат помали примања. Тоа да го провериме, а не овде да зборуваме и да ги видиме платните списоци и да се направи не само платен список, туку она на ти за прасе , на ти масло, на ти ова и тоа личен доход. На тој начин с е прави уште поголемо сокривање на даноците и тука отпаѓа осиромашување на Фондот на пензиско и инвалидско осигурување , како и здравственото осигурување. Не е само на еден тоа што се сокрива.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Господин Котевски.

Молам, отстапете му место на господинот Арсовски кој бара процедурално да се изјасни.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Почитувани пратеници, во името на пратеничката група на социјалистичката партија предлагаме дали сме двајца, тројца или петина, тоа не е битно, основно е дека сме пратеничка група тука . Ние вчера имавме една конструктивна расправа по однос на Информацијата и предлагаме да се формира одредена Комисија. Таа Комисија која ќе ги преиспита сите предуслови, причини итн., и состојбите во РЕК Битола и

врз основа на наодите и мислењата на Комисијата да отвориме расправа на некоја од наредните седници од причини што и покрај тоа што сега, денеска можеме да расправаме по цел ден, вчера исто така, а имаме и други точки мислам дека работите непродуктивно, во самиот извештај на Комисијата пак би се навраќале на многу работи кои денеска ги слушаме. И ако правиме вакви елаборации, како што ги направивме денеска да одговараме на одредена дискусија со своја лична дискусија, мислам дека тогаш можеме да работиме уште 5 дена, заради доказната постапка е многу сложена работа и утврдување на вистината е исто така толку сложена. Во таа смисла предлагам најрационално да се гласа за мојот предлог со тоа што би ја формирале таа Комисија и таа Комисија би ги испитала сите околности врзани за оваа информација, за РЕК Битола, за штрајкот итн.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Барањето на господинот Арсовски е прашање на оценка на сите нас присутните, поточно, ако се откажат пријавените кандидати за дискусии, тогаш можеме да одиме на таков предлог.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Јас ќе молам да не се повторуваат заклучоците од Комисијата за стопанство. Тоа веќе го имате како материјал. Дали сега од социјалистичката партија или од други партии да не се повторуваат, тоа е став на Комисијата за стопанство. Да не биле по два или три пати повторувано, го имате материјалот и таа Комисија односно нејзин став беше на Комисијата за стопанство.

**ГОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници.

Се извинувам што по трет пат земам збор за дискусија.

II/5.-

Од една единствена причина како пратеници ни се испраќа материјал и оваа информација ја имавме на време, сите ја прочитавме и знаеме се во неа што е содржано. НО, некои господа овдека како господинот Ѓорѓевски излезе да дискутира и кажа најголеми невистини. Всушност, самиот се демантира за она што не го познава, а од тоа произлезе дека информацијата ниту ја прочитал, па ниту знае што содржа таа внатре. За вистина еве јас ќе ви цитирам: Тој кажа дека микропрашина се запалила и настанала било каква експлозија на Косиот мост. А овде од наодот на стручните лица стои дека конечно и завршно е тука дадено вака: "Врз основа на извршените испитувања и останатите сознанија обезбедени со постапката, со голема веројатност може да се претпостави дека причина за настанувањето на почетниот пламен се зажарени јагленови парчиња", а не микропрашина, како што ни одржа предавање Луловски, господинот Горгевски "зажарени јагленови парчиња донесени од депонијата од процесот на полнењето на бункерот при транспортот на јагленот по Косиот мост, што во овој и слични примери е честа појава.". Многу ми е жал што не беше тука и господинот потпретседател Јован Андонов да го прашам кога беше принуден управник во една прилика два саати го гаснеа пожарот на Косиот Мост и тогаш Косиот мост не падна. Јас во мојата вчерашна дискусија зборував за два аспекти. Причините кои настанаа после сето ова. Нормално, политичкиот и демократскиот. Но, овде во овој случај сега јасно и недвосмислено станува збор за една некорелација не само на пратеничката група на СДС која лута во овие работи, а исто така и лутањето господинот Јован Андонов што овде излезе на говорница и сакаше уште само што да не каже господа пратеници од повеќепарламентаризмот доделете ми плаќате со златни зраци или со незнам какви пофалби за принудната управа што ја имаше во РЕК Битола. Јас како човек и од моите сознанија секоја чест за она што си го завршил и за неговиот минат труд. И тој има добра поволна оценка за

она што бил принуден управник во РЕК Битола. Јао сум секогаш без разлика на политичката припадност сите квалитетни стручни луѓе и требаат на Македонија. НО, се во рамките на дозволеното. Ние имаме закон. Имаме овластување до таму до каде се овластувањата, до таму треба да посега раководителот. Се што е надвор од тие овластувања, тоа е строго казливо и санкционирање. Нема друго 20. Во оваа состојба што настана во РЕК Битола, оваа катастрофа мора да има одговорни, без разлика дали тоа ќе бидат работници што работеле на косиот мост, а и политички субјекти што се толку евидентно мешани во оваа цела ситуација. Затоа, сакам да завршам беше мој долг тоа да го кажам, некој може би тоа не го чувствува, бидејќи не е од Битола, таква политичка клима и социјална тензија е направена помеѓу тие луѓе и психолошки притисок. Ние кога беше штрајкот еден сакам да станете овде на говорница и да ни кажете дали добивте било каков материјал од штрајкувачкиот одбор и што беше испраќање од ова Собрание. Денес од Факом еве добивме и веднаш се пропрати до пратениците. Зошто толкав голем штрајк, колку денови траеше. Ова Собрание беше хендикепирано, едноставно бевме изиграни како луѓе. Една информација што ја праќаа до нас не дојде. Ниту од штрајкувачкиот одбор ни од раководството ни од променетото, ни од поранешното. Потполно ембарго на сите информации ни беше направено нас И за голема несреќа денес читам во Нова Македонија вели во Собранието неаргументирана расправа. Па, луѓе не сме судница овде. Јас и моите други колеги ние не станавме овде се да кажуваме врз база на вештите лица што било настанато. Ние кажуваме за последиците што се направени и некој мора да одговара и за таа контрола што треба да ја имаме врз извршната власт и за злоупотребите на тие усијани глави што имаат во владата. Што мислат дека можат да посегаат потаму, отколку што им допушта законот и вој демократски процес што ние сакаме да го правиме во Македонија. Но, за

жал тоа покажа во цела смислена игра колку се прави таа моќ во Македонија не само со информативните гласила не со нивната моќ. Реков вчера јас на одредени кругови во економска и политичка смисла во Република Македонија. Тоа сето како уигран тим како функционира и како може целата јавност да се стави под едно ембарго, да нема никаква информација и на психолошки план како во тоталитаризмот да се уништуваат луѓето и работниците. Јас не сум пак и за тоа на работниците да им се дадат неограничени права и секој да прави самоволие во овие јавни претпријатија. Мора да има ред, мора да има дисциплина. Не смее да има анархија. Меѓутоа, анархијата, верувајте, произлегува од тие луѓе што излегуваат надвор од рамките на законот. Тие се најголемите виновници. И ако има малку некој совест од нашите луѓе конкретно во Битола и тие што се како тело и овде што ќе бидат избрани, ќе видите дека вистината мора да биде сосема поинаква од она што го изјави господинот Јован Андонов. Мора да биде по- инаква, во тоа ве уверувам. А додека за некои други работи, за жал, така се случувало во историјата по 20, 30, 50 години можат да дојдат вистините прави кои биле за одредениот настан. Јас сум свесен за тоа и затоа не се впуштам во никакво прогнозирање зошто паднал Косиот мост Дали било тоа експлозивна направа, дали било нешто друго или нешто трето. Но, евидентно е овде дека станува збор за уиграна лажна игра. Зажарени јагленови парчиња, а од друга страна господинот Ѓорѓевски ни држи предавање и вели микропрашина се запалила, па настанала експлозија незнам што и во Југохром Јегуновце се случувале такви нешта. Тоа е ноторна лага. Затоа, треба чесно и поштено некои информации што доаѓаа до нас да ги проследуваме. А јас не сум за паушални оценки и паушално да напаѓаме луѓето. Конечно треба се да си дојде на право место. Ако сакаме во конкретниот случај се гледа дека одредени работи не сакаме да излезат на виделна. Ви благодарам и не се јавувам повеќе за дискусија.

II/8.-

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитувано претседателство, почитувани дами и господа пратеници.

Информацијата што е доставена од страна на Владата во врска со состојбите и проблемите во РЕК Битола до Собранието треба да има за цел да се разгледува пред Собранието и од неа да се извлечат вистинските причини за настаните штети. Како што ни е познато од првичните проценки е настаната голема штета, материјална штета од околу 10 милиони германски марки. Оваа не е мала штета и таквите причини се основа за покренување на постапка за потврдување на одговорноста за субјектите што биле вклучени во настанатите штети поради хаваријата во РЕК Битола. Овие цели, понудената информација што во основа требало да ги има таа не ги содржи> По мене се изоставени настани кои биле вклучени во делот на РЕК Битола. Дали тоа е направено намерно или ненамерно треба да процени и да расправа Собранието.

Информацијата практично, односно хронолошки ги регистрира настаните од 5-февруари, кога и се одржа првиот штрајк во РЕК Битола и заклучно со 13 јули кога е настаната хаваријата во истиот комбинат. Во РЕК Битола настанаа многу промени во раководниот кадар, предизвикани од повеќе актери што многу ги влоши меѓучовечките односи. штетата е резултат и на тие влошени меѓучовечки односи. Јас мислам дека нешто мудро, нешто мудро заправо, се притаи во таа хаварија, бидејќи информацијата завршува со констатација дека на лице место не се утврдени конкретни елементи врз основа на кои може да се утврди причината за настанатиот пожар.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ** (продолжение)

Што тоа значи да се направи една голема штета а да не може да се открие причината и актерите на таа штета и да се констатира, како што стои во Информацијата. причината на хаваријата се поврзува со ненавременото интервенирање без да се даде одговор што презедоа и самите органи што беа присутни во Комбинатот, посебно оние од МВР, а исто така кога веќе се знае од Информацијата, што презеле тие двајца работници кои беа затекнати во моментот, во самиот Комбинат.

По мене, има многу отворени прашања што бараат стручни согледувања, прашања што се основа за преземање мерки од определени субјекти одговорни за настаните и во самиот комбинат РЕК Битола.

Уште од 5 февруари се експлоатира за сите настани, бидејќи Информацијата не е само за хаваријата туку за вкупните состојби создадени во РЕК Битола. Тоа нам ни е познато , но не ми е јасно тоа што по хаваријата и настанатите големи штети, по извршената смена на раководството во РЕК Битола, по сите настани да се прифати една констатација што цело време беше присутна дека цената на електричната енергија е причина за слабата економско финансиска состојба. Просто тоа не ми се верува.

Со Одлука на Владата и тоа се коригира. Што беше, на крајот се поставува прашањето, намерата на самата Информација? Што би било друго него смкрување на состојбите и обезбедување услови за зголемување лични доходи. На одреден начин, по Информацијата, ова биле основните причини.

Исто така, овде на говорницава се потенцираа многу нешта. И јас ќе кажам, иако тоа не ми е намера, дека сите материјали што доаѓаат од Владата како да сме склони да не ги прифатиме, туку напротив, сакам да потенцирам многу голема штета се направи во РЕК Битола а ниту еден да не е крив и да не одговара, тоа не можам да го замислам.

Која е улогата на судот, на Јавното обвинителство во ова време? Немам никаква причина да не им веруваме се додека постојат. Но, позитивни резултати немаме, додека штети, колку сакаш. И, која е улогата на самите нас, пратеници овде во Парламентот и која е улогата на законодавната власт? Дали мирно да ги гледаме настаните и да не сме во состојба ништо да преземеме? Јас,со една таква констатација не би се согласил. Ние не смееме да ја туркаме на страна нашата улога како пратеници.

И да завршам, од Информацијата не можат да се извлечат доволни елементи за утврдување на причините за настанување на директните и индиректните штети во РЕК Битола. Ја поддржувам идејата за работно тело со задача да ја заврши целата оваа постапка во утврдување на состојбите да поднесе извештај и да предложи на ова Собрание на РМ конкретни мерки што заправо тоа треба да преземе. Со ова завршувам, Информацијата треба и да се дополни, ако не друго барем со вистински факти.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Арсов.

**ДРАГИ АРСОВ:**

Почитувани пратеници, без оглед што вчера. па и денеска неколку пати еден предлог беше прифатен и поддржан, сметам дека не е на одмет и овој пат да го спомнам. Тоа е предлогот за формирање анкетна Комисија од страна на Собранието, односно заклучокот на Комисијата за стопанство Собранието да основа повремено работно тело со задача да изврши потемелно оценување на состојбите и проблемите во РЕК Битола предизвикани со штрајкот и хаваријата, што како предлог е секако за поддржување и прифаќање.

Ваквиот предлог очигледно покажува на сета сложеност на овој проблем и неговите пошироки димензии. Од тие причини неприфатливи се констатациите дадени во Информацијата во која само хронолошки се наведени настаните без да се прецизираат причинителите за настанатата штета и без да се утврди одговорноста на одделни субјекти, вклучувајќи ја и Владата.

Расправата покажа дека се неприфатливи обидите од страна на позицијата вината за хавариите да се префрли само на една страна, врз штрајкувачите односно врз работниците со јасни инсинуации дека врз нив влијаеле некои надворешно политички партии. Сигурно дека тука се најде да се шпекулира и со опозицијата.

Без оглед на ваквите обиди Владата на РМ и нејзините челници не можат да не ја сносат вината за ваквите состојби. Во овој момент ние само расправаме за последиците од огромната штета што настана со хаваријата во РЕК Битола, без да ги спомнеме и причините што доведоа до една ваква состојба, до едни вакви последици што уследија на општо незадоволство кај работниците изразено преку штрајк и преку појава на ваквата хаварија.

Голема неправда би била ако овде ние не проговориме за влошените, уште од порано меѓучовечки односи во РЕК Битола, а посебно за кризата и слабостите што во последно време се присутни кај раководната структура. Таквите односи се присутни и во електростопанството воопшто во Македонија, а за тоа сведочат промените што настакаа на челниците во електростопанството на Македонија.

За овие состојби не ја спомнуваме Владата и раководната структура која во најголем дел не може а да не биде без вина не само за влошените состојби, туку и за штетите што настанаа. Владата никој не може да ја ослободи од одговорноста ако не ги нашла излезните

решенија и не го решила тоа што треба да го реши. Ние не можеме да молчиме ако на очигледно на сите нас Владата побара измени и дополнувања на Законот за енергетика со кој се укина правото на штрајк во јавните претпријатија што произведуваат електрична енергија за да не се доведат во опасност објектите од општо значење на граѓаните. Знаеме ние, тоа се раправаше овде на 57-та седница во почетокот на оваа година, односно на 4 март годинава, а во тие објекти од општо значење опасноста не е избегната. Во тој случај ако тоа е така, не може Владата да не биде одговорна, вклучувајќи ги и ресорните челници.

Ние не можеме повеќе да молчиме за неизнајдените излезни решенија во електростопанската дејност во РМ што е од основно значење на стопанството и секојдневниот живот на граѓаните. Ниту Владата ниту ресорниот министер за стопанство, господинот Петруш Стефанов не понудија концепт според кој ќе се раскине со досегашната идеолошка и политичка демагогија, според која сите се одговорни и никој не е одговорен.

Во Еелектростопанството на Македонија речиси ништо не е изменето во однос на неговата досегашна структура, ниту се покажува подготвеност да се напушти стариот модел во управувачката структура, наспроти негативните резултати настанати со хаваријата, наспроти она што требаше да се менува и што се најавуваше како потреба со ветената трансформација. Таква трансформација, ние гледаме,нема ни во стопанството ни во електростопанството.

Од страна на Владата сеуште нема предлог - закон за промени на законот со кој ќе се формираат јавни претпријатија, во тој закон-

ски акт конечно да се наброи дека тие и тие претпријатија се јавни претпријатија и дека нивните средства се сопственост на РМ, ниту пак се кажа кој е јавниот, кој се тие претпријатија од општ јавен интерес кој е

општиот јавен интерес на нашата Република итн. Само така ако тоа го имавме, ако тоа ни беше понудено од Владата ние ќе можевме врз основа на тие нови законски основи да го усвоиме и Законот за измена и дополнување на законот за електростпанство и во него да кажеме дека средствата на Македонското електростопанство се во сопственост на РМ и дека Владата на РМ со преземање на обврска- та за именување и разрешување на директор и управувачката структура ја презема и одговорноста за успехот и неуспехот на овие јавни претпријатија. Сега на нас сигурно немаше да ни биде така чудно и да постојат такви дилеми кој е одговорен за сета оваа настаната штета или хаварија во РЕК Битола. Сигурно дека Владата не ќе можеше да биде ослободена од таа одговорност.

На очиглед на сите нас Владата на РМ не е подготвена тоа да го направи, да ги понуди тие нови законски проекти, а знаеме дека стариот закон за енергетика сеуште е на сила иако е донесен 1987 односно 1988 година и објавени со "Службен весник " бр. 41/87 и 42/88. Тој Закон претрпе, како што сите знаеме дополнувања со забрана на правото на штрајк но само на штета на работниците, а во интерес на Владата и владината коалиција што е на власт.

Конечно треба да се каже дека ниту од страна на Владата ниту од страна на челниците што се наоѓаат во ресорното министерство овде во Собранието на РМ никогаш не се проговори зошто Владата на РМ не го изготви и не го достави до Собранието и до нас пратениците енергетскиот биланс на РМ ниту ни за оваа година го имаме тој енергетски биланс, ниту за лани, ниту за преклани.

Не би сакал овде да потсетувам на посебната важност на овој документ како за стопанството така и за секојдневните потреби на граѓаните. Ако Владата на РМ и нејзините ресорни челници сметаат дека

со оневозможување преку енергетскиот биланс да не се добие јасна статистичка слика за тековите на енергијата од нејзината појава во енергетското стопанство во Републикава, во нејзиното пренесување до непосредните потрошувачи, колку е произведено, колку е искористено колку добивката, колку загубата, вклучувајќи ја и загубата во транспортот и дистрибуцијата. Ако таквиот увид го немаме, тогаш тоа е сериозен индикатор каква е власта што ја имаме ние во РМ? Во секој случај оценката за таквата власт не е позитивна.

На тој начин ние не можеме да се увериме за манипулациите што се прават со увезените облици на енергија, нафтата и нафтените деривати и не може никој да биде ослободен од одговорноста, па ни Владата. Наспроти долготрајното прикривање од страна на Владата ние мораме сериозно да размислиме за испораката на електричната енергија од соседна Србија, врз основа на долгорочните договори, воспоставени уште во Бивша Југославија, кои за жал секоја година и натаму се продолжуваат со нови потпишувања до страна на Владата.

Се разбира, сето ова пак се прави без јавен увид на тие договори, дали е намалена или зголемена испораката на таа струја од соседна Србија, или не, дали сме го вратиле долгот или не, или наново сме задолжени и колку сме се задолжиле, за тоа сеуште немаме јавен увид.

Владата и нејзините претставници не ги кажуваат овде ниту пак ја известуваат пошироката јавност дека РМ сеуште не се издвоила од електро системот на т.н. Сојузна Република Југославија, ниту пак кажува дали и кога ќе го направи или е спремна да го направи наспроти Словенија и Хрватска кои тоа одамна го направија.

И на крајот, мора отворено да проговориме за електроенергија та и нафтата и непочигувањето на ембаргото што според Резолуцијата на

ОН 757 и 820 РМ е должна стриктно да ги применува. Само заради увоз на струја од Србија во времето на прекинот на производството на струјата на РЕК Битола по хаваријата во периодот од 13 јули па до озобновувањето на производството чија вредност според Информациајта изнесува над 28,6 милиони денари Владата и челниците на ресорното министерство што го одобрија тоа требаше сами овде да ја постават својата одговорност.

Не случајно нашата Република е турната во уште една поголема изолација, ако се има предвид дека никогаш не покажа подготвеност и не е подготвена да ја понесе одговорноста и во оние случаи кога во периодот по хаваријата во РЕК Битола односно по 13 јули годинава светскиот печат го пренесуваше Извештајот на ОН според кој Извештај од посматрачите на ЌЕБС на границата на РМ спрема Србија секоја недела укажуваа дека се крши ембаргото на ООН во патничкиот превоз со околу 1.700 камиони од кои повеќето беа цистерни и со по 50 железнички композиции повеќе натоварени со нафта.

Не дај боже да се покаже како што тоа го навестуваат некои индикации дека не случајно била и хаваријата во РЕК Битола и преземаше струја до Срби^а. Се разбира, сето тоа да .се компензира со нафта. Но, без оглед на тоа само хаваријата во РЕК Битола со штетата, како што рековме што не е мала и изнесува над 15 милиони Германски марки и ако сето тоа го плаќаме сите, тогаш во името на тие што треба да го платат тоа и да ја надоместат таа штета Владата треба да биде виновна и ресорните челници самите требаше да ја понудат својата оставка.

**ТРАЈАН МИЦЕВСКИ:**

Господа пратеници, не дискутирам ништо, јас додека дискутирав дошло ова обавестување од Факом и внатре се вели дека остро протестираме, дека ние никогаш не сме употребиле хеликоптер за монтажа. Јас вчера реков дека хеликоптерот беше употребен за на гости, дури ги спомнав и лимузините, па се користеше и хеликоптерот за прославата. Тоа беше на ден Илинден немаше монтажа, а господинот потпретседател рече дека го користевме за монтажа за вибрација да не настане на пластовите, земјата да не се покрене, па да ја кренат во воздух.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, вчера излегувајќи на оваа говорница дадов еден предлог меѓутоа гледам дека дискусијата се проширува
повеќе односно од повеќе дискутанти па затоа читајќи сабајле "Нова Македонија" за неаргументирани расправи, вчера слушајќи радио, гледајќи ја македонската телевизија за извештајот за вчерашната расправа по оваа точка, да ви кажам искрено сум иритиран затоа што во Информацијата од Владата имаме еден сегмент на министерството за внатрешни работи, наод и мислење. Стручен наод и мислење од вешто лице, а мене ме чуди зашто тие средства за јавно информирање не се потрудиле да му презентираат на своите консументи овој наод и мислење и верувам дека има луѓе кои логично размислуваат од овој наод и мислење ќе си извлечат самите заклучоци што се случило со хаваријата. Ако се сеќавате, ден по хаваријата господинот пот-претседател Јован Андонов даде една изјава во средствата за јавно информирање каде што кажа децидно дека хаваријата е намерно предизвикана и за тоа го обвини штрајкувачкиот одбор.

IV/2

Во овој наод и мислење на крајот потпишан од вештакот дипломиран физичар Демиров стои дека не може децидно и трето лице вешто да ги потврди причините за хаваријата на косиот мост. Јас по еден сплет на нештата исто така читајќи ги извлеков некои заклучоци. Прв од тие заклучоци ми е зошто овде стои во наодот и мислењето, во овој сегмент од извештајот на Владата, што е потпишано од Министерството за внатрешни работи, со кажаното вешто лице чиј потпис стои дека лицето Крстевски Раде, општ работник во депонијата за јаглен, вработен во РЕК Битола дошол на работно место во пречистната станица на третата платформа, каде што се пресипува јагленот од надворешниот транспортер во депонијата на транспортната лента на косиот мост и така натаму. Понатаму стои дека на овој работник ова му било второ ангажирање на дова работно место, бидејќи бил испратен како замена на постојниот работник кој бил отсутен.- Овде отсутен не се кажува зошто бил отсутен затоа што тој работник штрајкувал,односно дали се обезбедени минималните функции што согласно законот за штрајк при вакви објекти треба да бидат обезбедени, тоа е првото прашање, и второто прашање кој е тој раководител што испратил нестручно лице на вакво работно место. За мене се поставува, одговорноста е на тој што испратил вакво нестручно лице на вакво работно место. Тоа е првиот заклучок. Секој кој логично размислува би го извлекол. Понатаму стои дека во тоа време му се приклучил и еден работник Теловски Демир Али од градежно претпријатие Пелистер. Значи оние работници што беа ангажирани исто така на работно место кои стручно не се оспособени. Тоа треба секој да го сфати дека тие не се стручно оспособени за извршување на тие работни задачи и така натаму. Понатаму во извештајот стои како се одвивале и како течело нивното работно време. Со транспортот на јагленот се завршило околу 2,55 минути, односно надворешната лента била запрена во 2 часот, а внатрешната лента која се користела за оваа прилика, согласно нормалната процедура била

запрена во 2,55 минути, заради нејзино целосно празнење. Меѓутоа, што забележав и овде. Во најдолниот дел стои дека во меѓувреме почувствувал работни кот на влегување на чад и мирис на изгорена гума, истиот веднаш се стрчал надоле, по приближување на лентата, така е употребено, значи лентата сеуште се движела, а вели дека била запрена. Тоа е некаде во 3,10 минути. Тоа се две нелогичности кои ги забележав и така натаму. Веднаш се обидов, вели, да го активирам најблискиот хидрант, но безуспешно затоа што немам тркалце на вентилот од хидрантот. Притоа очигледно не знаел дека претходниот ден, а тоа е претходниот ден на 12 јули 1993 година, а хаваријата се случила на 13 јули 1993 година во 3 часот изутрината. При тоа вели очигледно не знаел дека претходниот ден вентилот на вода на таа вертикала бил запрен, поради претечување на еден холендер, што од страна на Службата во РЕК Битола било регистрирано порано, а на 5 јули бил даден налог за отстранување на тие дефекти од Службата за одржување. Имаме присуство на полиција. Цело време објектот за штрајкот се штити со полиција. Запрена е водата која требала во случаи на пожари да се употреби за гаснење на тие пожари итн. Понатаму се речат настаните како постапил дотичниот работник и се прави една конструкција би рекол за можноста од настанување на експлозијата. Тоа е само претпоставка. а Владата излегува само со толкување на вешто лице, со само претпоставка, а не крајни елементи за причините за хаваријата, за мене е принципиелно прашање би рекол затоа што претпоставки може да има многу повеќе. Значи се се сведува дека вината треба да се нај де пред се зошто се поставени нестручни работници. Да го земеме дека само запалувањето на јагленот е докажана работа дека е точно, затоа што од овој извештај имаме еден редослед, самозапалување на јагленот тука стои дека е 7.08.1992 година, па ден 24.03.1993 година, 27.05. 1993 година, да не ги читам сите

итн.- итн. Можност за самозапалување на јагленот постои и тоа е докажана работа. Велам дека е докажана работа, затоа што фактички имало. Меѓутоа се поставува прашањето зошто досега, иако имало самозапалување и во косиот мост на јагленот, односно на јагленовата прашина досега се нема случено експлозија. Зошто сега првпат се случува експлозија каде што една конструкција на косиот мост се урива и се прави штета од 10 милиони марки. Затоа вчера предложив и сега ќе повторам дека овој извештај за мене е нецелосен, затоа што има само претпоставки и затоа предложив согласно она што го предложила Комисијата за стопанство да се формира анкетна Комисија во која би имало и стручњаци од Машински факултет од Еелектро факултет. Еве јас конкретно ќе се потрудам да предложам еден стручњак од Машинскиот факултет, тоа е господинот д-р Стојанчо Стојмановски кој има исто така работело во РЕК Битола при изградбата на РЕК Битола, односно некој се сеќава, некој не се сеќава, па може и сега анкетната Комисија во Собранието да биде проширена и со стручњаци од обласа на заварени конструкции, затоа што се работи за косиот мост му е падната конструкцијата, аз при- чините од кој паднала конструкцијата, издржливоста, степенот на сигурноста на самата конструкција итн., електро-инсталациите, пожарот, експлозиите, за сето тоа оваа македонска држава има стручњаци и ние како Собрание би требало, гледам тука и еден пратеник од ГТДП се заложи за таа работа, гледам дека со тоа се согласуваат сите пратеници и дека ќе постигнеме консензус да се формира таква анкетна Комисија во рок од 30 дена да ја заврши работата а и овој извештај иако е непотполн од Владата може да се користи.

БИ сакал да кажам исто така дека е непримерно од оваа говорница во македонското собрание да се конфронтираат градовите меѓу себе.

IV/5.-

Знаеме дека девизата раздели па владај не би требало да се однесува за Република Македонија затоа што гледаме дека и македонското национално битие е разделено, меѓутоа да се дели во секој случај, во случајот на РЕК Битола е непримерно за мене, така јас ќе кажам можеби Скопје користи како главен град многу од погодностите што ги немаат другите градови, меѓутоа, не смее да се создава тензија дека Битола и Скопје се конфронтирани, или Скопје и Тетово се конфронтирани итн. Тоа е непримерно во ова македонско Собрание затоа што ние пред се треба да работиме единствено за иднината на оваа македонска држава. И на крајот би сакал да се осврнам како што кажа и господинот Мицевски на овој допис до Собранието на акционерското друштво Факом, потпишано од генералниот директор Киро Трајковски, дипломиран инженер, кого имам чест да го поздравам лично, затоа што ми беше асистент на Машинскиот факултет по предметот техничко цртање, меѓутоа сигурно не го слушнал или не го разбрал господинот Мицевски, затоа што тој децидно вчера кажа дека, а и стенограмите може да се земат, дека хеликоптерот е користен за одеше на прослава по повод една болшевичко едноумна фешта после хаваријата. Сите гледавме што побрзо да се направи тој кос мост ,. во овој случај јас и повеќе работници од Факом познавам ги ценам напорите што тие ги дадоа заедно со своето раководство за што побрзото правење на косиот мост и затоа сигурно главни на таа прослава треба да бидат работниците од Факом со своите раководители, а не да имаме една фешта само на една партија од СДС дека еве направиле нешто огромно, а во исто време во Информацијата на Владата која е со величење на тие министри од таа Влада и потпретседатели од таа партија СДС да немаме целосен извештај, односно да се чувствуваме и така ние како Собрание на некој начин излажани, затоа што расправаме по нецелосна информација, се кажаа тука и тешки зборови и би било попримерно сите да се согласиме да се формира оваа Комисија со учество на стручни лица и во рок од 30

дена ова Собрание да расправа, тогаш сигурно ќе и веруваме на наодите на таа Комисија и на наодите од стручњаци од поодделни области. Понатаму, сметам дека расправата е непримерна затоа што не треба да се претвориме во некој вид судница, како што често се импутира во средствата за јавно информирање, но ние сепак сме пратеници и сме загрижени за еден капитален објект кој е од огромен интерес за сите граѓани од Република Македонија, како што е РЕК Битола.

**РИСТО СТАМЕНОВ:**

Јас се извинувам што на крајот зедов збор, меѓутоа јас вчера ве слушав. Имено сакам да кажам следното. Ние да формираме и 10 Комисии, да донесеме незнам какви заклучоци и констатации, ние сакаме да се спротивставиме на државен тероризам, на мафии и самоволија, меѓутоа, со ваков авторитет на Парламентот, да ни донесат и сто нови заклучоци, прва работа ако нешто треба, незнам каков заклучок да донесеме, ако ние не седнеме да помислиме да создадеме еден рационален, ефикасен парламент, со авторитетни пратеници во него, не ќе можеме да повикаме никој на одговорност, бидејќи овој парламент сега со оваа сила што ја има не е во состојба да застане на патот на овие самоволија. Оттука сакам да кажам и за наредните точки што ќе ги имаме добро би било иако немаме аргументи да ги изнесеме, седницата да не ја претвораме во дебатен клуб, ами да бараме таа да се одложи и да имаме материјал- на расправа само тогаш кога ќе имаме аргументи пред нас. Тогаш ќе можеме одредени луѓе кои не сакаат да ги спроведуваат законите да ги повикаме не само на одговорност, туку и да ги казниме. Се сомневам дека ваков парламент, сега ние каков што сме, со овој авторитет што ги имаме дека можеме некој да повикаме на одговорност и нешто да направиме за доброто на сите кои живеат во оваа наша нова држава.

IV/7.-

Оттука сметам дека добро би било да почнеме на ова прашање да работиме за да можеме да застанеме на патот. Јас се согласувам дека има полно проблеми, меѓутоа, јас се согласувам со полно пратеници кои што имаат обврски од своите бирачи да изнесат одредени проблеми, меѓутоа, ако со денови одредени прашања ги дискутираме овде, мислам ќе изгубиме од се и нема да бидеме она што треба, а на мафија, на државен тероризам може да се спротивстави само едно високо авторитетно тело, а тоа е Парламентот. Во сите демократски земји парламентите се јаки, авторитетни и тие можат да застанат на такви. Инаку поединечни апели плачење од говорницата овде, викање зошто е тоа така, зошто е она онака, мислам дека имаат нашите народи една многу убава поговорка:"кучињата ќе лаат караванот ќе помине". Нема да имаме ефикасност. И затоа сметам и молам, јас така мислам, дали сум во право незнам, ако сакаме овде да се решат и да се застане на патот на одредени негативности, тогаш ќе мораме да го чуваме авторитетот на овој дом, бидејќи само авторитетен парламент ќе може да застане на сите девијации, а тие ќе ги имаме.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, јас навистина кратко сакам да го кажам моето мислење ни по целиот настан, затоа што мислам дека тој многу елаборации има туку по повод тоа што се предлага по Информацијата ќе го кажам мојот став.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Прво, против сум формирање на анкетна Комисија и тоа сакам сосема накратко да го образложам.

Прво, ниедна досега формирана анкетна Комисија во ова Собрание не ја завршила доверената работа и секој пат служела како параван за тој парламентот го избегнувал одлучувањето по дадената тема.

Второ, мислам дека Комисијата во овој момент не е потребна ниту заради РЕК-Битола ниту заради Електростопанство на Македонија, ниту заради Електроенергетскиот систем на Македонија, ниту пак за граѓаните на Македонија. Едноставно Комисијата е потребна заради политички апетити и пресметки што се цел на одредени парламентарни групи. И затоа исто така ќе бидат против.

Трето, убеден сум дека Извештајот на таа Комисија и онака нема да биде почитуван од оние кои во овој парламент однапред имаат ставови и заклучоци за секој настан па и за овој и имаат единствена цел тие да ги спроведат без разлика на содржината на Извештајот и реалноста.

Четврто, Собранието полека но сигурно, тоа и претходниот дискутант го потенцира, меѓутоа веќе ми беше концептирано, полека но сигурно се повеќе се оддалечува од својата основна функција и се претвара во неатрактивен дебатен клуб и затоа мислам дека исто така е декласирано.

Петто, очекував од оние кои ги иницираа проблемите за кој разговараме два дена да ја прифатат тактиката дека нападот е најдобра одбрана и така своите подземни идеи да ги претставуваат како туѓи диверзии, но не очекував ова да го прави една пратеничка  група од

Владиното мнозинство која не само што не прифаќа одговорност за состојбите, а треба, туку напротив ја користи состојбата за непринципиелни напади и неаргументирани искажувања. Таквото однесување на оваа пратеничка група ме изненади, но и длабоко ме разочара.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Господата од Социјал демократскиот сојуз и од Либералната партија можат на нивни партиски и владини состаноци да си ги решаваат проблемите, а не овде од говорница нас да не замараат, бидејќи они се носители на власта во оваа држава. Морам да кажам, а тоа е во врска со последното излагање на господинот Поповски и Стаменов» Факт е дека немаме афторитетен парламент, но кога велиме дека немаме авторитетен парламент треба и да посочиме со прст на оној на тие што направија да немаме авторитетен парламент, а во својата суштина тоа задира едно длабоко антидржавно работење. Тоа се медиумите кој што за цело време го исмејуваат овој парламент, го посочуваат за сите работи во оваа држава како главен виновник, а тоа се се случува со цел да се оттргне одговорноста на оваа Влада која што сега владее, на оној начин како што владее и која што дебело ги контролира медиумите. Кога велам медиумите мислам на Македонската телевизија и сите весници на Нова Македонија.

Исто така сакам на почетокот да кажам дека е симптоматично пишувањето на државните медиуми во следниве неколку денови на еден начин крајно непримерен на кој што се сугерира на парламентот какви заклучоци ќе донесе, како ќе ја води расправата, наместо само да се известува кој што кажал и како кажал, која пратеничка група за што се заложила.

Тука имавме случаи и вчера и денеска излегуваат луѓе кој што се големи очигледно познавачи на електроенергетскиот систем, поддржава на сите можни влади, успешни стопанственици итн. Сметам дека огромен дел од дискутантите, а и од јавноста дека се уште немаат претстава за каков објект се работи, од каково витално значеше е за оваа држава и самата специфичност на неговото работење.

Наместо да дискутираме и да се заложиме, а тоа пред се Владата, тоа се нејзини ингеренции како да се подобри стабилноста на работењето на овој објект од кој што зависи цела држава и кој што објект цела произведена негова електрична енергија се транспортира преку еден единствен далекувод 400 киловолтен, наместо да се инвестира како да се изградат други 400 киловолтни далеководи со што ќе се подобри стабилноста на неговото работење оваа Влада само во текот на оваа година, нејќам конкретно да посочувам со прст на кривци бидејќи има многу кривци, само во текот на оваа година се предизвикани штети во Електростопанството од околу 30 милиони долари. Тука пред се мислам на хавариите во текот на месец јануар и февруар во трафостаниците Куманово, трафостаниците Гевгелија, оваа последнава со Косиот мост, а тоа се пари со кој' што ако не се лажам оваа Влада која почна да владее стартуваше со тоа , со државни резерви, девизни. Затоа не смее да се случи да виновниците за овие огромни штети во државата, тоа се огромни штети не бидат посочени со прст, како за оние зимоска, така за овие сега.

Сметам дека мора да се формира таа анкетна Комисија мора да се формира за да се расчистат работите. Дали било пожар или било

диверзија, јас не можам да си го земам правото да дадам оценка дали било пожар или било диверзија, но јавноста мора да расчисти со тоа со помош на консултација со сите експерти од тие области, со помош на формирање на една независна анкетна Комисија составена исклучиво од пратеници бидејќи се плашам доколку бидат одредени експерти дека ќе бидат изложени на огромни притисоци, но вистината мора јавноста, народот да ја дознае. Се плашам да дадам оценки од проста причина што не верувам дека постојат толку храбри луѓе или ненормални луѓе како да ги наречам при здрава свест да се оди да се руши таков мост кој што е од витално значење за тој објект.

Исто така тука мене повеќе ме загрижува доколку е тоа намерно рушено јас повеќе проблемите би ги анализирал од политички аспект, зошто ние сакаме нејќеме во Електроенергетиката сме по- врзани со високо напонска мрежа исклучиво со север и со југ и оттука сите проблеми што ќе се јават во РЕК и со негово непоризводство на електрична енергија ја фрлаат нашата држава во зависност најдиректно од нашиот северен сосед, од Србија.

Според мене, тука е вистинскиот проблем и вистинската намера доколку се одело на намерна диверзија, и ако зборам хипотетички бидејќи не се осудувам да дадам оценка дали било намерно предизвикано или било резултат на пожар.

Исто така мислам дека ова ќе се рефлектира понатаму доста на работењето на електраната во зимскиот период кој е многу поважен за државата од причини што ремонтите беа изведени доста брзо, во доста скратени временски рокови и ние кога тогаш како држава ќе се соочиме во зимскиот период со проблеми, претпоставувам, неисполнување на производствената норма.

V/5.-

Значи, се залагам , за разлика од претходниот дискутант за формирање на анкетна Комисија, но на таа анкетна Комисија мора да и се даде рок, временски, точно прецизиран, за колку време треба да даде овде во парламентот извештај за својата работа и дури потоа да се дискутира оваа проблематика.

Инаку, добар дел од пратениците кој што дискутираа од поддржавателите на Владата, од владината коалиција се повикуваат на некои уставни овластувања дека се губи драгоцено време за ваква расправа. Сметам дека тоа е лицемерно од причина што овој парламент три дена се расправаше попотребно околу работењето на една невладина институција, Светски македонски конгрес, а за проблеми кои се од витално значење за опстанокот на оваа држава има и те како право да се занимава.

Благодарам.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Бидејќи има пријавни дискутанти,а со цел да обезбедиме расправа по ова прашање, објавувам пауза до 15,00 часот.

(Паузата започна во 14,45 часот).

VI/1 ДВ/СЛ

(По паузата)

**ЏЕЛАДИН МУРАДИ:**

За збор се јави Владимир Голубовски.

**ВЛАДИМИР ГОЛУБОВСКИ:**

Кога во моето прво обраќање укажав на задднината на настаните во врска со РЕК Битола, за манипулацијата со вработените која за цел имаше политичко и кариеристичко позиционирање на раководните структури во нивната поврзаност со одделни политички партии и кога заради нивото на кое е искажано јавно сомневање можеше да се претпостави блокада на институционалните механизми ја предложив анкетната Комисија како единствена можност да се утврди висината во рамките на правната држава. Притоа очекував дека Владата во своја одбрана покрај понудената информација ќе не информира и за наодите на судските органи.

Тоа не се случи што од своја страна укажува на сериозната празнина во системот на институциите. Тоа можеше и да се очекува поради незаокружување на овој сегмент од парламентарната демократија. Во нормални ситуации ако не е исцрпена целата процедура не би требало да се применува крајното средство. Во случајот формирање на анкетна Комисија. Во вака настанатата ситуација поради оправданите сомневања во причините поради кои судските органи не се јавија, како и заради поодминатата расправа не би било целисходно прашањето во врска со РЕК Битола да го враќаме на почеток. Затоа останувам на предлогот кој како пратеник на ВМРО-ДП го дадов најнапред на конференцијата за печат а потоа и овде во Парламентот за формирање на анкетна Комисија.

Но прашањето на РЕК Битола има и други димензии на кои сакам да укажам, на политичката игра која добива во својата разврска со изгласување на ваквиот предлог, а во која сме вовлечени сите пратеници. Имено од настапот на Либералната партија како и на

одделни пратеници на ПДП-НДП произлегува дека владеачката коалиција нема сили самата внатре во Владата да ги одредува и разграничува своите односи, па поместувајќи ги институциите во случајот Парламентот, својата пресметка ја одвива овде во Парламентот на Република Македонија. Приклучувањето на Либералната партија кон предлогот за анкетна Комисија претставува директна недоверба на сопствената Влада односно недоверба кон коалициониот партнер кој во случајот на РЕК Битола ги има замешано директно најмалку два ресорни министри, како она на потпретседателот и на МВР. Затоа сакам да укажам на опасноста дека со Македонија владее една Влада составена од неприродни коалициони партнери која се одржува врз основа на пазарот на меѓусебните интереси на коалиционите партнери. Таквата опасност е поголема од фактот што нивниот меѓусебен договор не е стабилен од што произлегува дека и нивните односи не се јасно дефинирани. Коалиционите партнери очигледно е дека немаат изградени правила на однесување, немаат до крај договорени интересни сфери, тие само се погодуваат во таквите интереси и притоа постојано сакаат да ги зголемат на сметка на останатите што ја прави Владата потполно нестабилна. Тоа значи дека распаѓањето на коалицијата може да се случи секој момент, поточно кога тоа ќе го одреди коалицијата ПДП-НДП. Затоа бирајќи помеѓу две лоши решенија избрзана анкетна Комисија или враќање на прашањето на почетокот при што ќе бидат вклучени и судските органи давам предност на формирање на анкетна Комисија. Во однос на укажувањето на господинот Стаменот за авторитетот на овој парламент можам да го констатирам личното гледање дека за овој парламент е касно да биде сериозен, паметен и да се поврати во својата уставна позиција. По- квалитетен парламент и пооптимални политички односи во Република Македонија се можни само преку предвремени парламентарни избори како и претседателски.

VI/3.-

Направена е штета преку 15 милиони германски марки но власта не пронајде кривци од другата страна меѓу оние кои што не учествуваат во истата па прашувам каде се лоцирани оние кои што треба да ја сносат одговорноста настаната по оваа политичко економска афера во Македонија.

Не се сложувам со аргументот на господин Поповски дека затоа што досега ниту една Комисија не дала резултат треба да се откажеме од примена на основните принципи на правната држава, нив мораме да ги применуваме се додека не почнат да даваат резултат а тогаш веројатно и нема да има потреба од основање на разни анкетни Комисии.

**БЛАГОЈ ТОШЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, со мојата дискусија сакам да дадам и јас мал придонес во однос на расветлување на одредени моменти кои што се настанати со штрајкот и хаваријата во РЕК Битола.

Пред да се произнесам во однос на дискусијата директно на проблемот на РЕК Битола јас сакам, кога тука дискутиравме во врска со настаните во РЕК, јас овде се обратив до овој Парламент со следните зборови:"Господа пратеници ако оваа Влада му го мисли доброто на електростопанство најпаметно е да го повлече од процедура законот (се мисли на Законот за електростопанство и Законот за работни односи, оној што го менувавме по брза постапка, а ние како Комисија за стопанство не му дадовме зелено светло), јас се обраќам до Вас почитувани пратеници истиот да не се изгласа. Во спротивно сметам дека вие односно ние ќе бидеме виновни за настанатите последици во РЕК" . Истовремено нагласив дека РЕК не е Студенчица, РЕК не е Горче

Петров и РЕК дека не е Вевчани. Предлагам Владата да прекрати да мнипулира со првиот човек на Електростопанство, г-динот Мито Марковски, човекот што воспостави авторитетни контакти со Штрајкувачкиот одбор во РЕК Битола, за разлика од Владата која со своите постапки во тие денови авторитетно падна. Сега јас мислам дека се враќаме на дискусијата и дека истовремено ние сме виновни што по итна пос- тапка на Владата и дозволивме да изгласаме два закони кои на- вистина беа за РЕК. Во ниедно јавно претпријатие не се извршија трансформации во однос на кадровската политика. Исклучиво тоа беше направено само за РЕК Битола, а тоа беше директна пресметка на одредени' луѓе од Владата со г-динот Мито Марковски. Јас му честитам на г-динот Мито Марковски што како човек деловен излезе самиот си даде оставка, знаејќи што ќе настане во Електростопанство и во РЕК Битола и навистина настана. Настана она што можеби не- кој очекувал, но истовремено настанаа и големи штети. Прв пат во историјата материјален трошок да се направи од 15 милиони ДМ а да не се најде виновникот.

Интересно е во случајот на нашите јавни гласила што на еден начин сметаа дека е промашена дискусијата на парламентарците во овој Парламент, затоа што немаме факти да кажеме кој заправо го падна мостот, дали Петко или Марко го падна, а ние прееќутно сите знаеме дека тој мост навистина е паднат и дека некој навистина го срушил.

Што заправо е трагедијата? Шеесет дена господа пратеници, од 13.07 до сега нашата безбедност не може да го најде виновникот. Да ви кажам еден пример. Во 1952 или 1953 година во Битола се случи, се украде малолетно дете од детско одделение. Што направи власта? Сите што беа вечерта дежурни од чистачи, сестри, доктори, сите власта ги притвори. За жал во РЕК Битола тоа не се случи. Мостот падна, како што знаете во 3,35 часот, според Информацијата наместо сите одговорни лица, одговорниот за техничка сигурност, одговорниот дежурен инжинер, директорот на рудникот, одговорен инженер за обејктот и генералниот директор на РЕК, ни еден не беше притворен, затоа што Штрајкувачкиот одбор и истовремено Синдикатот не беа во колективот. Затоа нив не можеа да ги земат на одговорност. Значи луѓето што беа внатре беа овие луѓе. Нивните што ги стави г-динот Андонов. Според тоа, мое лично убедување, да не се правам голем полицаец во таа смисла, требаше власта сите овие четири - пет души утрината да бидат притворени, а потоа истрагата да си тече, да се знае од што настана хаваријата. За жал, наместо да бидат притворени овие луѓе, истите тие учествуваа во вештачењето на материјалот. Каква иронија! Истите тие луѓе даваа вештачење како настанал , што настанало, а заправо тие главните пет личности требаше да бидат притворени, затоа што тие беа одговорни и од нив настана хаваријата. Дали режирано со некои други субјекти, не навлегувам. Но, главно е тоа што Битола се наоѓа во една многу тешка ситуација моментално, да речам и правосудните органи и полицијата се најдоа во многу тешка ситуација. Верувајте, да беше некој како мене или сличен некој како мене за 48 часа ќе беше откриен. Самиот однос на пролонгирање од 60 дена  што не може да се најде виновникот, ние сите

знаеме дека е некој подебел човек, на кој што не сакаме ни име ни презиме да му кажеме. Хаваријата е направена, зијанот е направен. Тој што го направи зијанот не можеме да го најдеме. Како можеме да го најдеме кога на еден начин тие кој беа внатре не одговараат и не се притворени, а учествуваат во вештачењето на паѓањето на мостот.

Ако некој сакаше да се открие, сите ние сме свесни дека вештачењето , барем да оставеа 24 часа така како што падна мостот и за тие 24 часа да се откријат сите одредени карактеристики, да може и полицијата и јавната и државна безбедност со одредени нивни медикаменти што можат со отисци итн. да се откријат, тоа не се направи. Интересна работа со паѓањето на мостот наеднаш се даде задача да се креваат железата. За жал интересно е и тоа дека во самото пред паѓање на мостот веќе дигалката на ФАКОМ на 13.07 тргна за Битола и се расипа во Прилеп, пред да настане хаваријата. Како знаеа тие од Факом, не навлегувам. Основно е дека тука се работи за нешто специфично.

Ова што го кажав во мојата дискусија дека ние она што го направивме, направивме грешка, а грешката што е? Дали го добивте вие овој материјал или не, оваа покана за подготвителна седница по предметот бр.60/93 од Уставниот суд на Македонија доставен од Републичкиот синдикален совет на Македонија и г-динот Петров. Што се случи? Се случи она што нормално требаше да се случи дека сето е уставно незаконско, а уште се нема произнесено Уставниот суд. Кој е тој судија дека нема да го просуди, дека ова што го донесовме ние е противуставно. Само го должи Уставниот суд. Зошто го должи не навлегувам. Но со една аргументација, ако се прочита, а бидејќи не

можеме сите ние да го прочитаме тоа, од причини дека ниедно јавно гласило кај нас од рангот на Нова Македонија не го извади, го извади само Трудбеник, бр.18/19 од 2.08.'93 и кажува што се случува во уставниот суд. Кажува дека ќе се пресуди, дека тоа е противуставно, да не се штрајкува во РЕК, односно во Електростопанство. Тоа е кажано според Уставот дека не може да штрајкуваат само полицијата , војската итн.. Тоа се тие три работи што не можат да штрајкуваат.

Во тој однос интересно е, паѓа мостот и ние за рекордно време го правиме.

Во однос на информацијата, прво тотално не сум задоволен од оваа информација, оваа информација е паушална. Со тоа не се сака да се постигне некоја цел затоа што ние од Битола знаеме многу работи, па според тоа ни изгледа и смешно. Во што смешно?

Прво вели вака: "Карактеристично е дека во новото раководство не се најде место(во Штрајкувачкиот одбор каде се именуваа симпатиите на нашиот потпретседател) ниту за еден член од старото". Затоа пак се најдоа членови од Штрајкувачкиот одбор. Во овие збиднувања изгуби секаква улога и Синдикатот во РЕК и таа функција ја презема Штрајкувачкиот одбор. Со тоа не се согласувам затоа што ние во Битола многу убаво знаеме дека овие луѓе, тоа се некаде од прилика 23 директори, јас можам со чиста одговорност да ви кажам дека се одбраа одредени луѓе, останаа и тоа доста од таа колективна оставка што ја дадоа и истовремено останаа во новиот директориум. На пример Дуковски Миле од помошник директор стана заменик директор. Тоа го знаат господата од Електростопанство. Понатаму Пецаков Стојан од советник стана генерален директор на РЕК од старото раководство. Луковски Панде од советник истовремено си остана советник.

VI/8

Стојановски Миле од раководител во рудникот си остана повторно раководител во рудникот. Значи не беа сите менувани. Тоа е само изговор во информацијата. Г-динот Стојановски Менде остана како раководител на Рудникот. Г-динот Лутовски Милчо како раководител на депонија остана. Трај- ковски Љупчо од раководител во термоелектраната унапреден е во директор на термоелектраната. Бендевски Михајло како раководител исто остана во тој дел . Според тоа од сето ова што гледам и забелешките што се дадени, јас само можам да ве убедам дека воопшто синдикатот и штрајкувачкиот одбор не учествуваше бидејќи не беше внатре и не можеа да го земат на одговорност после хаваријата.

Во однос на информацијата што е дадена , многу интересен говор , она што реков како џентлмен го напушти Електростопанство Мито Марковски, се јави една нова личност што според дискусијата што ја води е типично полтронско однесување. Јас не знам еден раководител, директор на Електростопанство да прави вакви лапсуси, дали намерни или ненамерни, не навлегувам. Првото што ќе ви го прочитам видете што вели:"Денес им аплаудираме на оние кои благодарение на нашата глупост, рушење на косиот мост, мора да му покажат на секој во Македонија." Видете дали е тоа глупост сега. Јас не можам да бидам свесен затоа што ние дискутираме господа овде за рушеше на косиот мост, а не зборуваме ние тука за палење. Тој самиот кажува , генералниот директор, дека мостот е рушен, а истовремено вели - благодарение на нашата глупост.

Понатаму ако одиме, интересно е што еден генерален директор на Електростопанство што може да направи. Вели:"Се промени една изузетно успешна и самопрегорна екипа. Дојде нова раководна екипа избрана од Штрајкувачи или поточно речено од оние деструктивни сили која работела за порачани цели". Значи овие по порачка работеле."Со оглед дека во целост не беше извршена нарачаната задача група бандити ја презема раководната улога во РЕК Битола". "Група бандити".

Понатаму вели:"не беа доволни разговори и договори со овие синдикалци. Тие имаа своја задача и цел да се руши РЕК "Битола", да се руши раководството во Електростопанство на Македонија, да се руши Владата на Македонија". Господа пратеници во ниеден документ од оваа изјава не можете да најдете дека штрајкувачкиот одбор, негде пишува дека сака да ја падне Владата да го паднат потпретседателот на Владата или нешто слично. Значи ова е сето напишано на еден јазик кој навистина, да не се изразувам и јас како директорот на Електростопанство.

Понатаму вели "настанаа големи штети во Електростопанство кој така беше претпријатие кое има најголема загуба во нашата држава.

**ВЛАГОЈ ТОШЕВ**:(Продолжение)

Овде вели извонредни податоци, а овдека вели дека беше претпријатие кое има најголеми загуби во нашата држава. Електро стопанство има најголеми загуби во нашата држава. А ова ви го прочитав овде дека се промени една изузетна успешна и самоуправна екипа во самиот РЕК.

Интересно е во самата дискусија се обраќа и вели вака "научете нешто од нив, бидејќи РЕК Битола е толку ваш колку што е и нивни односно Македонија ви даде да работите во РЕК Битола". Како овие да дојдоа од друга држава, па Македонија им даде да работат во РЕК Битола. Ова е еден дел и со што ќе завршам со неговата дискусија вели вака: "извинете, Јован Андонов не е само човек и потпретседател на Владата на Македонија, тој е човек институција". Од него мора да се учи и тој мора во стопанството да се следи. Па, за жал, ние како пратеници, господа, треба да знаеме, прво, во информацијата барем да ни кажеше што е тоа институција, за да можеме да разјасниме, затоа што и ние сме малку писмени, не сме и ние паднати од небо.

По однос на оваа дискусија, можам да нагласам дека господинот Андонов, односно генералниот директор на електростопанство господинот Коле Спасовски штом оди тоа да го величи, односно ги величи идолите, култот на личноста, тоа е одлика на примитивизам. Зарем една ваква личност да го води електростопанството на Македонија и до кога. Тоа е веќе голем прашалник.

Јас сакам да ве информирам дека по маратонската 8-часовна средба, ноќта меѓу 24 и 25 февруари меѓу штрајкувачкиот одбор и министерот Петруш Стефанов, со директорот на ел. стопанството Мито Марковски кога се прифатија одредени решенија за платите затоа велам

господинот Петруш Стефанов во оваа ситуација не можеме да му припишеме негативни појави. Тој најде еден заеднички јазик, господа пратеници, но интересно е тоа од кога најде г-динот Петруш Стефанов разбирање со штрајкувачкиот одбор, некој сакаше да го девалвира и г-динот Стефанов. Зошто? Да укаже дека е посилен и помоќен во заклучоците покрај тоа што од рангот на Нова Македонија ние имаме и други весници, пак се послужувам со весникот "Труд- беник", ќе ви кажам следното. Дека во Собранието пред 200 вработени главно раководители, шефови на административни работници, како и комплетното раководство во оставка, иако подготовките за средбата се одвиваа инкогнито, цела една машинерија беше вклучена за обезбедување на симпатизери, поддржатели и акламери, работата ја провали радио Битола, па така како неканети гости се најдоа и претставници на штрајкувачкиот одбор. Истите, главно, беа оневозможувани да ги искажат своите ставови, а смислено и еуфорично се импутираа инсинуации со целосна дисквалификација. Од претседателот Андонов по секоја дискусија со парафрази и коментари редовно ги девалвираше нивните искажувања. Тоа се случи и тука господа пратеници во овој Парламент. На еден начин тој се искажа дека и ова што ви го кажав не требаше да ви го кажувам. Затоа што во прашање е нешто кое во завршниот дел ќе кажам следното дека Јован Андонов со директниот настап пред одбран круг на вработени, клучните луѓе, ризикува да го разедини колективот со цел да го спаси раководството во оставка. Што е тоа што некој се тепа да ги задржи тие луѓе, кој што навистина покажаа и негативни резултати. Она што можеше да го постигне господинот Петруш на еден начин, изгледа постоеше едно внатре во колективот да се разедини, да се стават овие луѓе, кои што самите си поднесоа колективна оставка. Која е таа сила која ќе си поднесе колективна оставка да ги враќе некое трето лице.

Од сето ова кажано, јас можам да ви кажам дека главните кои што беа за овој штрајк, можам да ви прочитам следното. Затоа треба да се читаат и информациите. Владо Сугаревски од Трермоелектрана го прашува директорот "како ќе биде штрајкот без запирање и редуцираше на производството? Каква ќе биде целта на штрајкот без запирање и намалување на работата? Тој не може да е безболен." Директорот му се обраќа: "Предлог е од директорите да не се престанува со производството, да се оди организирано во Скопје, со 4 автобуси и да се преговара со Владата". Кој е сега тој што сакаше да ја падне Владата? Директориумот? Ние во оваа ситуација гледаме тука одредени личности што се величат, конкретно генералниот директор. Ние имаме претстава, на пример, во Битола, дека моментално тој генерален директор, кој што е поставен моментално, господинот Бојанчевски во 1983 година беше суден, тоа го знаат од електростопанство во врска со палењето на трафостаницата за неодговорност. Тоа е податок кој што може да го видите. Од друга страна паѓа филтерот, затоа што во тој интервал, наместо само ќумур да се користи, се користи одредена јаловина и од земја. Наместо пепелта да паѓа во тој дел, паѓа и земја. Тука беше истовремено случајот од кој настана паѓањето на филтерот. Ова е трет случај, кој што паѓа веќе и косиот мост, повторно оваа личност не одговара. Да не зборуваме и за другите, на пример, одговорни лица, како што реков на почетокот, требаше полицијата сместа утрото да ги притвори и понатаму истрагата да почне. Но, што е во прашање, не навлегувам.

Интересно е и тоа дека во една затворена седница со правосудните органи на Битола, затоа велам ги жалам јас и со Министерството за внатрешни работи лично тогаш му рече господинот Андонов дека јас се сомневам дека вие ќе го кажете кој е виновник во

Битола, ќе го скриете виновникот. Уште тогаш знаеше дека ќе го скријат виновникот. Сега после 60 дена маки мачат сега, јас го жалам и Окружниот јавен обвинител во Битола како сега, кој да каже, кој да го земе сега овој дениралија што е кажан овде, дека со лопата бил таму, ставил изгледа кибрит со нешто и да го земеме дебиралија и некој друг таму или трето лице да одговара. Од опашка работите не се решаваат, се решаваат од главата. Требаше тие главешини најголеми првите 5 да бидат притворени уште сабјалината во 3,5 часот за да знаеме веднаш сместа кој ја направи таа хаварија. Јас ќе ве запознам со еден технички податок. Траката е 196 со 200 метри е косиот мост. Интересно е паѓа вертикалниот држач од 36 метри висина. Не паѓа од горниот дел паѓа од долниот. Така, при паѓањето го смачкува. А тоа е за челични конструкции. Каква јачина е таа, можете да имате претстава, но сега самото паѓање, за да падне таа челична конструкција и столб кој што држи таква тежина и висина од 36 метри, тоа е некаде околу 4 или 5 метри да кажам во должина и 2 метри во ширина челична конструкција. Во РЕК господата велат: Ќе ги ставиме сите од одржување во швајц апарати да го сечат мостот со швајц апарати за 20 минути не можеме да го паднеме мостот. Да го сечеме. Не е од тоа што настана еден пожар од 5 или 10 минути за да падне самиот тој мост. А зошто тоа го велам? Тоа го велам од следните причини. Затоа што во самата информација вели вака. "Се активирала автоматската дојава на пожар, така што околу 3,30 часот пристигнала и дежурната противпожарна екипа со противпожарно возило од Комбинатот. Подолу вели вака: "Значајни дилатациони информации конечно рушење на мостот околу 3,35". За 5 минути од кога дојде противпожарното возило дури падна мостот 5 минути е разлика. Според тоа, интересно е прашањето дали пожарникарите кога дојдоа го најдоа мостот паднат или го гаснеа. А кога дојдоа пожарникарите веќе

мостот беше паднат. Значи, еве се работи господа кој што треба ние трезвено да размислиме дали може да настане оваа ситуација. Што друго навлегува. По неуспешниот, се вели обид, испреченоста за интервенција од внатрешноста на објектот, пожарникарите скршиле дел од страничните стакла на косиот мост, заради интервенција од надвор, при што освен навлегување на свеж воздух дошло и до зголемено дејство на ефектот на оџак во косиот мост, што предизвикало и пораст на воздух и наталожена јагленова прашана. Со што се создале многу поволни услови за бурно и речиси ексклузивно проширување на пожарниот фронт, па и до создавање на експлозивна гасна смеса со јагленовата прав. Во вакви услови дошло и до запалување на останатите присутни горливи материјали јагленосорадична гранулација, гумени траки, кабловкса изолација, заштитна боја со попратните ефекти за загревање на топење на алуминските елементи, значајни дилатациони деформации и конечно рушење на мостот во 3,35 часот. Значи, за 5 минути мостот паднал. Тоа е огромна грдосија која што со таков пожар вработените од РЕК велат ќе го наполниме целиот со ќумур и ќе го запалиме, истовремено со керозин мостот нема да падне. Ние имаме таква прилика во Прилеп каде што цела спортска сала се запали и останаа железата тука. Ни едно железо не остана настрана Според тоа, овде е интересно прашањето кој даде наредба веднаш до 7 часот сите железа да се тргнат на страна. Кој е тој вештак, овој господин физичар да утврди после 6 или 7 дена. Каков е тоа вештачење. При тоа што ние имаме институти, институти имаме различни имаме какви стручњаци, доктори на наука по челици, стручњаци по јаглени, тој е еден дипломиран физичар и затоа јас ги прашав господата на Комисијата за

стопанство кој го постави ова вешто лице, а ми рекоа дека е поставен од МВР. Според тоа, ако ние формираме Комисија предлагам во Комисијата да учествува и рударски институт проектантот и изведувачот, мислам дека тоа е"Бетон", Осигурителниот завод и истовремено членови на МВР. Покрај тоа што секое чудо за три дена, како што велат Србите, во оваа ситуација јас можам да ве убедам кога за 60 дена не се најде виновникот, јас мислам и за 360 дена не ќе се најде виновникот, но ние виновникот на еден начин сите во Битола и вработените во РЕК го знаат.

**ПЕТАР ГЕОРГИЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, оценив за потребно дека треба да се појаснат некои ставови по однос на првото мое истапување во врска со информацијата за состојбите и проблемите во РЕК "Битола" и самата хаварија. Јас овде во мојот прв настап ги кажав погледите и оценките, а и предлозите што беа изградени на седницата на Комисијата за стопанство. Комисијата и писмен извештај и вие го имате извештајот од Комисијата. Во заклучокот како што е познато, се предлага формирање на повремено работно тело односно Комисија што ќе ги испита сите околности за настаните и самата хаварија во РЕК "Битола". Тој предлог на заклучок е заснован на ставот што во Комисијата се изгради дека до ден денес ситуацијата е таква што не се знае кој е одговорен за настанатата хаварија, ниту се знае дали се води истрага по истата. Поради тоа за настанатата штета од 10 до 15 милиони германски марки колку што сега се проценува нема никој да одговара. Овој став на Комисијата го изгради врз основа на информацијата од

Владата, а и наодот и мислењето од МВР. Нашето молчење во таа ситуација би било сфатено од обичниот граѓанин или како наш обид да ги толерираме сите органи кои се должни да ги најдат одговорните, а не ги наоѓаат заради својата неспособност. Или пак тие органи се мисли на органите за прогон на МВР и органите од правосудството се способни не ги откриваат одговорните, тогаш тие самите ги прикриваат нив, а ние со молчењето би биле само нивни соучесници. Да се биде во коалиција е политичка одлука, да се соработува со одредени партии во власта и тоа во корист и за општото добро на нашиот народ. Но, исто така тоа подразбира и одговорност за вистинската заштита на општите интереси. Ова го кажувам поради дел од искажувањето на господин Никола Поповски. Тој изрази разочарување, посебно длабоко разочарување од изнесениот став на една од партиите на коалицијата. До душа тој не ја кажа на која коалициона партија се мисли или се однесува неговото разочарување, но со оглед на тоа дека причината на неговото разочарување е во тоа што некои пратеници се изјаснија за формирање на Комисија, тоа е повремено работно тело, можам да кажам дека се однесува и моето искажување, а и на ставот на Комисијата за стопанство.

Во име на пратеничката група на Либералната партија укажувам дека истата во целост го поддржува изнесувањето и ставовите што беа од моја страна искажани, бидејќи не може да прифати состојба на дел одговорности и нерасчистености по вакви поводи. Посебно, кога е настаната штета од такви размери. Јас незнам дали и господин Харуни, кој исто така се заложи за формирање на Комисија го разочара господинот Поповски и дали не се однесува и на тој коалиционен партнер неговото разочарување. Исто така, незнам колку господин

VII/8

Поповски е разочаран и од наводите во, посебно што беа издадени искажани од потпретседателот на Владата, посебно сметам дека неговото држење беше доста слабо по однос на искажувањето или одбрана на сите партии што беа изнесени и си поставувам прашање дали и господинот потпретседател Јован Андонов не го разочара господин Никола Поповски, бидејќи и тој прифати да се формира Анкетна Комисија за испитување на околностите. Иако и двајцата с наоѓаат во иста партија.

**ГАЗМЕНД АЈДЕРАГА:**

Почитувани пратеници, почитувано претседателство, знам дека трпението е при крај и затоа ќе настојувам да бидам многу краток.

Со внимание ги прочитав и двата понудени материјали, како од Владата така и од предлагачите, пратениците Мицевски и другите. Со внимание го слушав излагањето на господин Јован Андонов, потпретседател во Владата на Македонија. Исто така познати ми се и направените заштеди во РЕК по однос потрошувачката мазут по единица киловат час произведена електрична енергија.

Некаде пред месец дена имав можност сосема случајно да разговарам со вработен во РЕК Битола. Ми рече дека врши работни задачи - багерист. Откако дознав дека е вработен во РЕК го запрашав што е тоа што се случува во РЕК? Додавајќи дека не се во право кога бараат да имаат многу повисок личен доход, дури и два пати поголем од просечно исплатениот во стопанството на нашата Република. Од соговорникот добив одговор дека тоа не е вистина. Едно е вистина, просечниот личен доход е двапати поголем, меѓутоа ми беше речено дека е тоа така на ниво на Комбинат, а што се однесува до односот управа односно администрација - директни производители, односот 2:1 во корист на администрацијата. Ако е така, тогаш треба да се исправат грешките. Треба подобро да се наградуваат директните производители. Мислам дека е време.

Што и како да заклучиме по однос на ова прашање? По се изгледа одговор може да добиеме ако формираме анкетна Комисија или пак ако така не заклучуваме да чекаме независното судство да го реши случајот, дали има виновници или не, но апелирам судството мора да биде независно, онака како сме се декларирале.

Денеска, од говорницата се слушнаа поинакви мислења од моето во однос на формирање на анкетна Комисија. Тоа е мислење како и моето, иако спротивно од моето, но ако не е така овој Парламент не би бил Парламент.

Проблемот на РЕК заслужува големо внимание, но сепак во услови кога се надминати некои состојби. Истиот е во погон. На мислење сум дека како Парламент, според некои настојувања од нас, тука сакаме истиот да го претвориме во судница. Сметам дека во Републикава има доста слични големи проблеми за кои ние не успеавме во овој мандатен период да поразговараме и да го дадеме нашиот должен придонес. Народот тоа го чека од нас.

На крајот се залагам да престанеме со дискусија и да формира ме анкетна Комисија и да завршиме со оваа точка.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господинот Душан Николовски.

(додека се приближува кон говорницата се слушаат разни дофрлувања)

**ДУШАН НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници некој се обидува да дофрла кој за што е стручњак, науката е така дефинирана и многу јасно конципирана што е тоа стручно што не е. Овде мислам дека не е место за такви докажувања. Но, сакам во конкретниов случај два моменти да потенцирам.

Прво, ако веќе се потенцира и инсистира да се појасни од.- носно да се примени, врз основа на севкупната документација, анкетна Комисија, мора да биде јасно на овој Парламент дека основната задача на оваа анкетна Комисија е цел и задача да биде работничка и самоуправна контрола.

Второто прашање што сакам да го потенцирам во конкретниов случај, не бирајќи зборови и средства луѓето овде си поиграа и за- на Македонија, боравија одредени дискусии кога се дискутираше за енергетскиот биланс' пред една година, а денеска добро е што си го промениле мислењето и настојуваат да не разубедат да размислуваме и така. Во прилог на тоа би потсетил, без разлика какви ќе бидат нашите залагања и настојувања во делот на формирање анкетна Комисија, целта и задачата на анкетната Комисија ќе заврши на крајот како работничка самоуправна контрола. Оттука и се оградувам од едно такво инсистирање ако не се дефинира и целта.

Според тоа, не треба да ставаме забелешки едни на друг, ниту пак треба да и се доближиме на јавноста дека анкетната Комисија ќе го даде правиот одговор на прашањето за кое два или три дена овде разговараме.

Би завршил на крајот без разлика што потпретседателот на Владата, господинот Андонов се огради, но мислам дека одредена аргументација која во доволна мерка беше доволно искажана ги задоволуваше сите интереси лично, длабоко сум убеден, на луѓето кои и малку им е блиска материјата за да можевме денеска да донесеме поквалитетни заклучоци.

Оттука, мислам дека залагањето на Андонов не беше размислување ставено во функција да се формира Анкетна Комисија како што некој инсистира, туку да се формира Комисија за следење на проблемите и состојбите ако правата суштина и степенот на одговорноста на која инсистираше потпретседателот, локацијата на проблемот беше тука.

Гледам дека залагањето оди во правец на тоа. Според тоа, степенот на одговорноста, самата Влада, преку претседателот, јас барем така сфатив, а мислам дека голем дел од материјата што е поблиска на

многу луѓе можеше и да се лоцира проблемот, мислевме така. Ако веќе ориентацијата на поголем дел од нас е насочена, завршувам, во делот на мислењето кон тоа да биде анкетна Комисија, јас ќе бидам против тоа да се формира анкетна Комисија.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Има збор господин Авди Муртезани.

**АВДИ МУРТЕЗАНИ:**

Почитувано претседателство, дами и господа пратеници, веќе овие два дена ова Собрание наместо највисок законодавен орган го претворивме во судницата, по грешка на сите нас затоа што прифативме и понатаму прифаќаме да се расправа по однос на разни информации што во случајов не сметам дека проблемот е мал и не би требало да бидат информирани како што биле информирани пратениците.

Не е спорно дека во Битола се случија многу нешта. И, виновен мора да има, вината мора да постои. Не е спорно дека во Битола се случија штрајкови. Не е спорно дека во Битола на ден 13 јули оваа година се случи големата хаварија со големи последици. Не е спорно дека во Битола многу нешта се изменија, дали по сила на некого, дали по вина на некого, дали не. Меѓутоа, случајот не се реши како што треба да се реши.

Зошто не се реши? По мое длабоко убедување случајот не се реши поради овие причини: веќе трета година сме во ова Собрание и наместо Владата да ги задржи а ние да настојуваме да ги извршува нејзините обврски, ние, сакајќи или не сакајќи ги преземаме и вината нејзина и работите нејзини и работите одат како што одат.

Господа пратеници, ние имаме правна држава, меѓутоа правната држава не функционира. Тоа е тоа. За да функционира правната држава треба да сноси некој одговорност и мора да сноси.

Според тоа, за мене (дофрлање од пратениците дека е тоа Владата) па сигурно дека е Владата, за мене, јас сум против формирање секаква Комисија. И, ако сакаме да ги замаглиме работите тогаш да формираме Комисија.

Еве зошто: случајот во Дебар не се расветли, случајот на Бит Пазар уште не се расветли и овој случај ќе се затаи и нема да се расветли. Бидете сигурни.

Меѓутоа, мојот предлог е вака, да ги оставиме државните органи, а тоа се МВР во нејзина надлежност и правосудството да го решаваат случајот како што треба да се решава. Меѓутоа, после тоа, ако ние не бидеме задоволни можеме да основаме Комисии. Имаме и стална имаме и повремена Комисија. Какво право имаме. Меѓутоа, сега во овој момент сметам дека ова барање не е издржано. Според тоа, не е доволно експерти имаме, тие ќе утврдат каде е вината.

За мене останува уште едно прашање што треба да се утврди, дали зад случајната незгода односно хаварија до сега од страна на Јавното обвинителство е покренато обвинение, преземени се некакви мерки и дали против некое надлежно лице, одговорно се преземени закон- ски мерки или не?

Уште еднаш велам дека за мене е одвишно да се формира Комисијата.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Збор има господин Петров.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Поведен од излагањето на одредени пратеници, сакам да дадам одредена констатација, иако по вторпат, меѓутоа за работи кои неосновано беа изнесувани од парламентарната говорница.

VIII/6.-

Врз основа на членот 76 Собранието може да основа анкетни Комисии за сите области и за секое прашање од јавен интерес. Наодите на анкетни Комисии се основ за поведување постапка за утврдување на одговорност на носителите на јавни функции.

Во РЕК Битола беа штрајкови. Може би пак ќе ги има. Во РЕК Битола настана хаварија со штета од 15 милиони дм. и Владата со прст не мрдна за да ја лоцира одговорноста за настанатата хаварија.

РЕК Битола е дел од електро системот на Македонија, јавно претпријатие од јавен интерес. Ако во согласност со член 68, став 1 алинеја 17 Собранието врши политичка контрола и надзор над Владата и другите носители на јавни функции што се одговорни пред Собранието а Владата ништо не направи за да утврди одговорност за настанатата хаварија, сега ни се фрла прав во очи дека Собранието и не треба да фор- мира анкетна Комисија, тоа не е потребно ниту заради РЕК, ниту заради електростопанството на Македонија ниту заради електроенергетскиот систем на Македонија, ниту пак за граѓаните на Македонија. А, прашањето е кому е потребно неоткривањето на одговорноста за настанатата хаварија во еден систем од јавен интерес? И, сосема јасно одговорот е дека одговорноста, неоткривањето на одговорноста најмногу им одговара на СДС бидејќи треба да одговараат министри и членови на Владата што ги водат надлежните ресори.

Беше кажано дека анкетна Комисија не треба да се формира бидејќи ниту една досега од формираните не ја заврши својата работа. Анкетна Комисија колку што мене ми е познато, се формира за Радовиш, Куклеш, Скопје, Дебар, Бит пазар. Анкетната Комисија работеше за Радовиш, Куклеш, Скопје ја заврши работата. За Дебар немаше ниту еднаш кворум да почне да работи на случајот. Извештаите не беа прифатени од коалиционите партнери. Тие не ги прифатија. Зошто не сакаа, затоа што не сакат да прифатат одговорност на носители на јавни функции на луѓе од СДС. А, секаде беше замешано МВР и господинот демократ на негово чело господинот Фрчковски. Па и во РЕК Битола, под

VIII/7.-

силни полициски сили во погонот хаварија на Косиот мост. И повторно никој за ништо не треба да биде одговорен. Окружниот јавен обвинител си молчи, чека изгледа дозвола. Се поставува прашање од кого и против кого.

И, ќе повторам уште еднаш покрај вчера изразената моја констатација, за мене лично сите овие случаи што се случуваат во Македонија центарот и своето легло го наоѓаат во рамките на МВР кое е ресорно министерство што го води СДС. И, таквите центри на државен тероризам ќе ги има секогаш додека на тие одговорни места седат луѓе од форматот на актуелниот министер за внатрешни работи, господинот Фрчковски, од една страна. Од друга страна, се додека егзекуторите на демократијата седат во единствениот монополски весник на РМ "Нова Македонија" на чело со директорот Панде Колемишевски, под директна контрола и монопол повторно на СДС. Доволно е да се прочита денешниот коментар затоа што ако не можеа да најдат пратениците аргументи, новинарите веќе открија аргументи дека пратениците разговараат без аргументи.

И, овде станува збор не за кривична, во парламентот, станува збор за политичка одговорност која не мора да кореспондира со кривичната одговорност. Кривичната одговорност мора да ја утврдат и да биде утврдена во надлежните судски органи. Овде станува збор за политичка одговорност.

Дека нападот е најдобра одбрана одговор е од кого СДС се бранеше на 65-та седница. Цинизам е да се зборува пред јавноста со демагогија дека овој парламент не е компетентен, не е надлежен да расправа за РЕК Битола, а три дена овој парламент расправаше за една невладина организација. За тоа беше надлежен и за тоа министерот можеше да искажува неосновани клевети од оваа парламентарна говорница што јасно зборува како ги прави безбедносните аналитички проценки за безбедносната состојба во нашата држава.

Некои сега велат....

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

За РЕК господине Петров, за РЕК Битола.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во РЕК некои сега велат, тоа е исто поврзано со РЕК Битола затоа што...

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Да, но многу имиња и други работи...

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

....покренуваме прашање за одговорност и затоа ја формираме анкетната Комисија за да утврдиме кривична одговорност.

Некои велат дека РЕК Битола го градевме сите. Точно е дека можеби го градевме сите, меѓутоа аналогијата "кој каде е негово е" ја наметнаа доста и од овој парламент актуелните коалициони партнери и затоа не треба да не чуди што и работниците прифаќаат таква аналогија, па по сила на нештата, без функционирање на правниот систем, кој каде е, ако е во мнозинство смета дека е негово и тоа го наметнува.

Е, правната држава во оваа држава ќе заживее кога СДС ќе го врати неовластено користениот имот на поранешната ЦК СКМ од кои што создава дебели профити да ја финансира својата политичка активност.

Дали парламентот, беше искажано се претвара во дебатен клуб? Парламентот, овој парламент Владата не во дебатен клуб го претвори во владина трибина и јас му забележувам на претседателството и барам во иднина тоа да се спречи.

Имаме претставник од Владата по оваа инфракција, министерот за стопанство. Ние не слушнавме уста да отвори од оваа парламентарна говорница за информацијата за која е претставник. Која беше смислата , функцијата на господинот Андонов? Дојде, си кажа, си отиде.

**ТОДОР ПЕТРОВ**: (Продолжение)

Друг пат оној што е овластен претставник да ја претставува Владата за одредена точка на дневен ред, само тој ќе си зборува, а да не не малтретираат членовите на Владата претворајќи го Парламентот во владина трибина. Владата меѓу себе нека си расправа за сите прашања како што пратениците немаат право да присуствуваат на седниците на Владата. И ако анкетната Комисија за мене е една неоснована квалификација, самоуправна работничка контрола, тоа е лага, затоа што тоа е уставна категорија, ако е самоуправна работничка контрола тогаш да предложевме повторно луѓе од СДС. Па се поставува прашање во Уставот самоуправувањето повторно ни го подметнаа Социјалдемокраскиот сојуз. Целите на оваа анкетна Комисија во заклучокот на Комисијата за стопанство се дадени, а дека не е прашање само на една парламентарна група, за тоа ни покажаа повеќе пратеници од повеќе парламентарни групи, и од Реформските сили и од ВМРО-ДПМНЕ и од ВМРО-ДП, и од независните пратеници, и од Либералната партија, од

Социјалистичката партија од ПДП-НДП. Единствено остана Социјал- демократскиот сојуз. Можеби најлесно решение овој Парламент да ги надмине сите тие болки на анкетни Комисии, да не утврдуваат одговорности на одговорни носители на јавни функции,и ако оваа влада падне за да може наредната да ги подготви изборите за наредните парламентарни избори.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, на вчерашната и на денешната седница на Парламентот, расправајќи по состојбите во РЕК Битола, по однос на штрајкот и хаваријата настаната на косиот мост, се приклучувам кон дискусиите на оние пратеници, кои што изразија сомневање во вистината

прикажана по Информацијата на Владата. Сметам дека и самата информација со сигурност не може да потврди кои се причините за настанатата хаварија. Се сомневаат како една од основните причини да е запалувањето на оваа јагленова прашина и дошло до експлозија и кршење на мостот. Но сепак таквото нешто со сигурност ниту Владата, ниту луѓето кои што ја вршеле таа експертиза не можат да го потврдат со сигурност. По повод тоа јас се сомневам во доволно утврдената вистина по однос на оваа хаварија,а бидејќи времето е прилично одминато, се сака оваа работа да остане вака, како да изгледа дека е направена од виша сила, не би се согласил, и во конкретниот случај за една настаната штета која се зборува дека е меѓу 10 и 15 милиони германски марки, не смее Македонија, нема таква можност, нема таква економска сила, ниту овој Парламент да прифати да помине тоа така. Досега можеби се правело така, повеќе хаварии, пожари кои настанувале се избегнувало да се утврди виновникот. Во конкретниот случај бидејќи не се работи за гром, не се работи за земјотрес , се работи за настаната материјална штета, каде што сепак голем придонес е овечкиот фактор. Треба науката да докаже дека човечкиот фактор не можел во овој момент да предвиди дека до такво нешто не може да дојде. Се зборуваше дека јагленованата прашина не била чистена. Тогаш како можело, ако науката докажала на колку време таа треба да се чисти иако е така постапено, значи немало да дојде до запалување и да дојде до експлозија која што можела да го турни тој мост, кој што јас не сум го ни видел, луѓето што се таму зборуваат многу подруги работи, па да се запалил целиот мост со јаглен со незнам што не можел да падне и тоа тие го слушале од стручњаци кои што работат во РЕК Битола.

Од сето тоа произлегува дека причина е сепак човечкиот фактор, а да не се открие вистината, сепак некоја политичка сила ставила рака. Очигледно дека Информацијата не задоволува, не ја кажува вистината,

остава празнина и понатаму, немаме никаков извештај од правосудните органи. Што направиле тие, дали Окружното обвинителство во Битола и Окружниот суд се помириле со таквата констатација дека тоа е резултат на запалување на прашината и дошло до експлозија и тоа е завршена работа. Па дури и така да е, и тогаш постои кривица, и тогаш треба некој да одговара. Не да одговара тој што бил со лопата, туку оној што е раководител, што е задолжен за тоа како треба да се одржува, дали дал налози на време да се чисти за да не дојде до тоа. Од тие причини јас се придружувам кон размислувањето и кон предлогот на Комисијата за стопанство, да се формира анкетна Комисија и ми се чини дека сепак оваа анкетна Комисија ќе доведе до некој резултат, ќе ги провери состојбите и на политички план, дали некој делувал за тоа, дали правосудните органи превземале се што е во нивна ингеренција, дали вештачењето е така извршено како што треба да се изврши, дали е благовремено тоа направено, а исто така, бидејќи во заклучоците на оваа Комисија не постои таков заклучок, сметам дека ова Собрание треба да прифати и еден заклучок со кој ќе ги задолжи правосудните органи да го известат Собранието до каде дошла работата со истрагата и што откриле тие, затоа што и со Уставот овие институции се државни органи, задолжени да дадат информација, да ја запознаат јавноста што станало понатаму. Овој не е едноставен случај, РЕК Битола за нас е сепак едно мало македонско сонце. Ако не е РЕК Битола, Македонија ќе биде во темно, македонското стопанство ќе застане.

IX/4

**БИЛЈАНА ЛАЗАРЕВСКА:**

Почитувани пратеници, според она што се кажа овие два дена од оваа говорница, и според двете информации што ги добивме од Владата и една од другата страна, кои што се во голем дел различни, случајот РЕК Битола не е само случај туку преоѓа во афера. Многу случаи во ова Собрание се претворија во афери кои беа вешто затскривани од Владата надавајќи објаснување и пред се вистина за истите.

Пратениците пак кои што им припаѓаат на партиите кои партиципираат во Владата со своите гласови не дозволуваат често пати вистината да продре во јавноста, како заради партиската, така и заради личната вмешаност во истите, а воедно оптоварувајќи ги останатите во истите партии на свој начин доведоа до тоа, ова Собрание да биде оквалификувано, како што претходно тоа го објасни господинот Ристо Стаменов, како неафторитетно, неспособно да реши ниеден проблем.

Оформувањето на Комисија која што ќе ја води аферата РЕК Битола, може да доведе до некое објаснување, но и не мора да значи, како што многу работи досега се завршиле . Но сепак први меѓу вработените во РЕК и тоа меѓу граѓаните во Битола и меѓу нас пратениците или меѓу целата јавност ќе виси еден неразјаснет случај кој према информациите што ги добивме длабоко е вмешана Владата, а Парламентот и натаму нема да има авторитет, бидејќи авторитетот се гради со висок морал, со заштитување на вистината, а не со бранење на аферите.

Завршувајќи го ова јас го подржувам предлогот од Комисијата за стопанство да се оформи Комисија која што сепак, се надевам ќе придонесе на некој начин да покаже дека овој Парламент може да ги решава ваквите случаи.

**ЈОВАН НИКОЛОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, кога се постави прашањето да се расправа за настаните во РЕК Битола, мислев дека низ дадената информација и одредени сознанија за два часа работа ова Собрание ќе дадеше одреден предлог за институциите кои што треба да се занимаваат во оваа држава која е правна држава да го расветлат случајот со РЕК Битола и сигурно низ институциите да побараат и одговорност за тоа што се случи таму. Но, мое разочарување е овде во овие клупи се развија дискусии кои што не беа насочени да се расветли случајот, односно да им се даде можност низ институциите кои се задолжени да водат сметка за штетите кои што се настанати во Битола, да се изврши притисок на некој начин од ова тело низ тие институции, можеби и ете да донесат и една погрешна одлука. Мислам во ниедна демократија тоа не се забележува. Сигурно дека никој од тука не може, а пошироко и во целата јавност да бега од одредена одговорност, и треба да има одговорност. Но, дали оваа институција е јавно обвинителство, дали оваа институција е суд, или еден висок орган на државата, законодавен орган, кој што треба да се грижи, во оваа држава да имаме правна држава. Сигурно низ институциите кои што на некој начин и овој Парламент ги формирал, односно им дал доверба да работат врз основа на прописите и законите. Но, низ се ова што се случуваше досега, јас не стекнав таков доем, но стекнав еден друг доем, тоа е доемот не да се дојде до вистината, туку колку може да се навреди другиот односно да се исплука другиот. Дали со тоа ќе си го изгради својот рејтинг, поединецот или не тоа да го оставиме на страна. Тоа е проценка на нешто што овде се слуша, што овде се зборува, како ќе го сфати и како ќе го цени. Мислам дека најмалку ни е потребно тоа што

овде се случува во ова Собрание. Не може Владата, колку што јас можам да сфатам да биде и истражен орган и јавно обвинителство и суд, или овој Парламент. Ако се определивме да имаме законодавна, извршна и судска власт, тогаш да оставиме секоја институција во рамките на своите надлежности да си ги решава работите. Само така ќе имаме правна држава. Сигурно дека плукањето на колегата, прво како човек, непријатни се одредени однесувања поединци према колегата мислам дека како личност, како човек. Независно од која партија припаѓа. Сепак треба да се види дека тоа е човек и дека треба да се почитува неговата индивидуа како човек. Да ги оставиме политичките импликации на секоја партија. Ако ние не се почитуваме, прво како луѓе во овој Парламент, сигурно дека она што го рече колегата Стаме- нов, ќе се реперкуира и во јавноста. Тоа нам ни се случува господа пратеници. И да заклучам, реков дека се ова што се случуваше околу РЕК досега овие два дена, фактички не беше целта на она што се бараше да се постигне низ расправата за РЕК Битола. Целта ја знаеме, односно ако ги реализираме сите дискусии ќе видиме која беше целта. Но, реков, и ќе заклучам ние сме, односно јас сум лично да се формира една Комисија, но Комисија стручна, дали е таа од Собранието, незнам колку имаме тука стручни лица, но тука е и судот, сигурно тука имаме и правници, јавното обвинителство ќе си бара стручни лица кои ќе проценат како настанала штетата. Сигурно ќе има и вештачења, ќе има луѓе кои ќе докажат зошто и како настанала таа хаварија. Дајте им на институциите тоа да го решаваат а не да го решаваме ние. Сигурно нема да бегам од формирање на анкетни Комисии, а тие анкетни Комисии дали ќе ја завршат работата односно дали ќе ни дадат одре- дени сознанија за она што се случи таму, ако не бидат вклучени стручни лица кои што можат да дадат стручна експертиза за се она што се случува, а да ги оставиме другите политички

импликации, штрајковите и сето она. Сигурно штрајковите беа последица да дојде до тоа. Тоа нека се решава во други институции, а не во институциите во судовите.

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Дали има уште некој пријавен дискутант? (Нема)

Време е за прекинување на седницата бидејќи е веќе 17,00 часот, ја прекинувам седницата денеска. Седницата кога ќе продолжи накнадно ќе ве известиме, ги молам Комисиите утре и задутре да работат на материјалите за шеесет и седмата седница закажана за 22 септември 1993 година.

(Седницата заврши во 17,00 часот).